| 4.1. Да се постави фасада на училишната зграда и други делови од зградата со цел да за енергетско ефикасно училиште. | ➢ Проценка на состојбата<br>➢ Обезбедување на потребниот буџет<br>➢ Барање на донатори<br>➢ Набавка на потребниот материјал<br>➢ Мали градежни работи за замена на прозорите | ⇒ Директор<br>⇒ Тимот за проценка на состојбата<br>⇒ Комисија за Јавни набавки<br>⇒ Технички персонал | Континуи рано во текот на траењето на развојнио т план |
| 4.2 Да се реновираат и ходниците на двата спрата и делот на салата за одржување на манифестации | ➢ Проценка на состојбата<br>➢ Обезбедување на потребниот буџет<br>➢ Барање на донатори<br>➢ Набавка на потребниот материјал<br>➢ Мали градежни работи за обнова на санитарните јазли | ⇒ Директор<br>⇒ Тимот за проценка на состојбата<br>⇒ Комисија за Јавни набавки<br>⇒ Технички персонал | Континуиран о во текот на траењето на развојниот план |
| 4.3 Да се бојадисаат и дезинфицираат училниците и другите простории во училиштето | ➢ Проценка на состојбата<br>➢ Набавка на потребниот материјал<br>➢ Тековно одржување на хигиената преку дезинфекција и дератизација<br>➢ Мали градежни работи за бојадисување на просториите во училиштето | ⇒ Директор<br>⇒ Тимот за проценка на состојбата<br>⇒ Комисија за Јавни набавки<br>⇒ Технички персонал | Континуира но во текот на траењето на развојниот план |
| 4.4. Да се зголеми фондот на современи нагледни средства, помагала и опрема | ➢ Проценка на состојбата<br>➢ Обезбедување на потребниот буџет<br>➢ Барање на донатори<br>➢ Набавка на потребниот материјал | ⇒ Директор<br>⇒ Наставници<br>⇒ Тимот за проценка на состојбата<br>⇒ Комисија за Јавни набавки<br>⇒ Технички персона | Континуиран о во текот на траењето на развојниот план |

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

### 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Календарот за работа на училиштата за учебна 2022/2023 година сеуште не е донесен од страна на МОН. По донесување и објавување на овие документи ООУ „Владимир Полежиноски“- Кичево ќе изработи календар за организација и работа на училиштето во учебна 2022/2023 година

| СЕДМИЦА | 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. | 16. | 17. | 18. | 19. | 20. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2020-2021** | **I полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| работни денови | септември | | | | | октомври | | | | | ноември | | | | | декември | | | | | ВК |
| понеделник | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | **16** |
| вторник | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | **16** |
| среда | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | **18** |
| четврток | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | **18** |
| петок | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | **16** |
| вкупно денови | **21** | | | | | **20** | | | | | **21** | | | | | **22** | | | | | **84** |

| СЕДМИЦА | 21. | 22. | 23. | 24. | 25. | 26. | 27. | 30. | 31. | 32. | 33. | 34. | 35. | 36 | 37. | | 38. | 39. | 40. | 41. | 42. | 43. | 44. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2020-2021** | **II полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| работни денови | јануари | | февруари | | | | март | | | | | април | | | | | мај | | | | | јуни | | ВК |
| понеделник | | 25 | 1 | 8 | 15 | 22 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | **18** |
| вторник | | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | **20** |
| среда | | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | **20** |
| четврток | | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | **19** |
| петок | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | | **19** |
| вкупно денови | **6** | | **20** | | | | **23** | | | | | **21** | | | | | **18** | | | | | **8** | | **96** |

**Неработни денови во учебната 2020 – 2021** државни празници  за граѓани од православна вероисповест

8 Септември (вторник) Ден на независноста на РМ
11 Октомври (неработен понеделник 12 Октомври) Ден на народното востание
23 Октомври (петок) Ден на Македонската Револуционерна Борба
8 Декември (вторник) „Св. Климент Охридски“
1 Јануари (петок) Нова Година - распуст
6 Јануари (среда ) Бадник - распуст
7 Јануари (четврток ) Божиќ - распуст
19 Јануари ( вторник) Богојавление (Водици) - распуст
30 Април (петок ) Велики Петок
1 Мај (сабота) Ден на трудот
3 Мај (понеделник) Втор ден Велигден
13 Мај (четврток ) Рамазан Бајрам
24 Мај (понеделник ) „Св. Кирил и Методиј“

| | |
|---|---|
| **понеделници** | **34** |
| **вторници** | **36** |
| **среди** | **38** |
| **четвртоци** | **37** |
| **петоци** | **35** |
| **ВКУПНО** | **180** |

Acti

| | |
|---|---|
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 5 јуни | Светски ден за за заштита на животната средина |
| 16 септември | Светски ден за за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| Ден на дрвото – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Р.Македонија<br><br>Ден на акција на еко-училиштата – се реализира двапати во текот на една учебна година<br><br>Ајде Македонија – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Р.С. Македонија | |

**8.2 Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите**

| Ред.број | Предмет, име и презиме | Број на часови по паралелки | Вкупно часови |
|---|---|---|---|
| | **Македонски јазик** | | |
| 1. | Анѓелина Цветаноска | VI-1,2,3=12<br>VIII-1,2=8<br>одделенски час VI-1 | 21 час |
| 2. | Ирена Мирчески | VII-2,3=12<br>IX-1,2,3=8<br>одделенски час IX-1 | 21 час |
| 3. | Билјана Костески | VII–1=4 (мак. ј)<br>VIII-3=4 (мак. ј)<br>V-1,2,3 =9 (анг. ј.)<br>III-1 =3 (англ. ј)<br>I-3 =2 (англ. ј) | 22 часа |
| | **Англиски јазик** | | |
| 1. | Кармен Сарафилоска | VI-1,2,3=9<br>VIII-1,2,3=9<br>II-1 = 2 | 20 часа |
| 2. | Славица Блажеска | IX-1,2,3=9<br>I-1=2<br>есару админ = 9 | 20 часа |
| 3. | Наташа Аврамовиќ | II-2,3=4<br>VII-1,2,3=9<br>IV-1,2,3=9<br>одделенски час VII-1 | 23 часа |
| | **Француски јазик** | | |
| 1. | Цветанка Камчева Сиљаноски | VI-1 =2 (фр. ј.)<br>VII-1,2,3=6 (фр. ј.)<br>IX-1,2,3=6 (фр. ј.)<br>I-2=2 (англ. ј.)<br>III-2,3 (англ.ј )=6 | 22 часа |
| 2. | Кочо Томески | VIII-1,2,3=6<br>VI-2,3=4<br>есару админ.=10 | 20 часа |
| | **Математика - Физика** | | |
| 1. | Бране Гаврилоски | библиотека = 20 | 20 часа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 2. | Зоран Ристевски | VII-1,2,3=12 (мат.)<br>IX-3 = 4 (мат.)<br>IX-1,2,3= 6 (физ.) | 22 часа |
| 3. | Марија Кузманоска | IX-1,2=8 (матем.)<br>VIII-2= 4 (матем.)<br>VIII-1,2,3= 6 (физ.)<br>IX-1,2,3 = 3 (инов.)<br>одделенски час IX-2 | 22 часа |
| 4. | Милена Крстеска | VI-1,2,3 =15 (мат.)<br>VIII-1,3 = 8 (мат.)<br>одделенски час VI-2 | 24 часа |
| | **Историја** | | |
| 1. | Мито Јовески | VI-1,2,3=6<br>VIII-1,2,3=6<br>ООУ ,,K.J. Питу”=8<br>одделенски час VIII-3 | 21 час |
| 2. | Драган Петрески | VII-1,2,3=6 (истор.)<br>IX-1,2,3=6 (истор.)<br>VIII-1,2,3=3 (граѓанско образ.)<br>IX-1,2,3=3 (граѓанско образ.)<br>VII-1=2 (истраж. на роден крај)<br>одделенски час IX-3 | 21 час |
| | **Географија** | | |
| 1. | Гордана Тодороска | VI-3=2<br>VII-1,2,3=6<br>VIII-1,2,3 =6<br>IX-1,2,3=6 | 20 часа |
| | **Класична култура на Европската цивилизација и Етика** | | |
| 1. | Весна Коруноска | VI-1,2,3=6 (класична култура во Евр. цивилиз. )<br>VII-1,2,3=3 етика<br>IV-1,2,3= 6 изборен предмет<br>V-1,2,3=6 Изборен предмет | 21 час |
| | **Биологија и Природни науки** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Сузана Марковска | IX-1,2,3=6<br>билологија<br>V-1,2,3 = 6<br>природни науки<br>ОСУ,,Мирко<br>Милески“ = 8 | 20 часа |
| 2. | Силвана Кирова | VI-1,2,3 = 6<br>(природни науки)<br>IV- 1,2,3=6<br>(природни науки)<br>VIII-1,2,3=6<br>(биологија)<br>VIII-1=2<br>(унапредување на<br>здравјето)<br>одделенски час VIII-1 | 21 час |
| | **Хемија** | | |
| 1. | Славе Ѓинковски | VII-1,2,3=6<br>(биологија)<br>VIII-1,2,3= 6 хемија<br>IX-1,2,3 = 6 хемија<br>VIII-3 = 2<br>(унапредување на<br>здравјето)<br>одделенски час VII-2 | 21 час |
| | **Ликовно образование** | | |
| 1. | Илче Ѓорески | VI-1,2,3=3<br>VII-1,2,3=3<br>VIII-1,2,3=3<br>IX-1,2,3=3<br>IV-1,2,3 = 3 тандем<br>наставнк<br>V-1,2,3 = 3 тандем<br>наставник<br>IX-3 =2 (проекти од<br>ликовн. уметност)<br>одделенски час VIII-1 | 21 час |
| | **Физичко и здравствено образование** | | |
| 1. | Зоран Настески | VII-1,2,3=9<br>IX-1,2,3=9<br>VII-2=2<br>(изборен спорт) | 20 часа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Дијана Илијоска | VI-1,2,3 = 9<br>VIII-1,2,3 = 9<br>VIII-2=2 (изборен спорт)<br>одделенски час VI-3 | 21 час |
| 3. | Катерина Дојциноска | II-1,2,3 =9<br>IV,1,2,3=9 тандем наставник<br>VIII-2 = 2 Изборен спорт | 20 часа |
| 4. | **Ново вработување** | I-1,2,3 = 9<br>III-1,2,3 = 9 | 18 часа |
| | **Информатика** | | |
| 1. | Кристина Митреска Дичоска | VI-1,2,3=6 (инфор.)<br>VII-1,2,3=3 (инфор.)<br>III-1,2,3=6 (раб. со компјутери)<br>IV=1 (техничко образ. и информ.)<br>IX-1,2 = 4 (проекти од информатиката) | 20 часа |
| | **Музичко образование** | | |
| 1. | Кристина Цветаноска | VI-1,2,3 =3<br>VII-1,2,3 = 3<br>VIII-1,2,3=3<br>IX-1,2,3=3<br>Оркестар=3<br>Хор=3<br>IV,V–тандем наставник =2 часа<br>одделенски час VII-3 | 20 часа |
| | **Техничко образование** | | |
| 1. | Борче Никоски | VI-1,2,3=3 (техничко образ.)<br>IV-1,2,3=3 (техничко образ.)<br>V-1,2,3 =6 (техничко образ. и информатика)<br>ЦОУ ,,Христо Узунов"= 8 | 20 часа |
| | **Изборни предмети** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | **Класична култура на Европската цивилизација** Весна Коруноска | VI-1,2,3 | 6 часа |
| | **Унапредување на здравјето** | | |
| 1. | Ѓинковски Славе | VII-3 = 2 | 4 часа |
| 2. | Силвана Кирова | VIII-1 = 2 | |
| | **Изборен спорт** | | |
| 1. | Настески Зоран | VII-2 = 2 | 6 часа |
| 2. | Дојциноска Катерина | VIII-2 = 2 | |
| 3. | Илијоска Дијана | VIII-3 = 2 | |
| | **Проекти од информатика** | | 4 часа |
| 1. | Кристина М. Дичоска | IX-1, 2=4 | |
| | **Проекти од ликовна уметност** | | 2 часа |
| 1. | Илче Ѓорески | IX-3 =2 | |

**Листа на одделенски раководители за учебната 2022/2023 год.**

| | |
|---|---|
| I-1 | Петреска Дијана |
| I-2 | Коцевска Татјана |
| I-3 | Миладиноска Соња |
| II -1 | Јованоска Снежана |
| II -2 | Димитријеска Гордана |
| II -3 | Колеска Гордана |
| III-1 | Сарафилоска Анета |
| III-2 | Бебиќ Билјана |
| III-3 | Мицкоска Роза |
| IV-1 | Илиоска Ирена |
| IV-2 | Алексова Ирена |
| IV-3 | Петреска Малина |
| V-1 | Петреска Јулијана |
| V-2 | Ширгоска Весна |
| V-3 | Никодиноска Косетеска Светлана |
| VI-1 | Цветаноска Анѓелина |
| VI-2 | Крстеска Милена |
| VI-3 | Илијоска Дијана |
| VII-1 | Аврамовиќ Наташа |
| VII-2 | Ѓинковски Славе |
| VII-3 | Цветаноска Кристина |
| VIII-1 | Ѓорески Илче |
| VIII-2 | Кирова Силвана |
| VIII-3 | Јовески Мито |
| IX-1 | Мирчески Ирена |
| IX-2 | Кузманоска Марија |
| IX-3 | Петрески Драган |

За секоја паралелка и секој наставник се прави посебно планирање во зависност од наставниот план и просторни услови на училиштето (двосменско работење) како и според распоред за користење на училишната спортска сала.

## 8.3. Работа во смени

Наставата од I до IX одделение, во ООУ „Владимир Полежиноски“- Кичево ќе се реализира според Наставниот план и програма од I до IX одделение издадени и одобрени од МОН и БРО.

Училиштето ќе работи во две смени. Промената на смените ќе се врши на две недели.

-Прва смена започнува во 08:00 часот, а завршува во 13 и 15 часот.

-Втора смена започнува во 13:30 часот, а завршува во 18 и 45 часот.

| час | ПРВА СМЕНА | | | ВТОРА СМЕНА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПОЧНУВА | ЗАВРШУВА | ОДМОР | ЗАВРШУВА | ПОЧНУВА | ОДМОР |
| 1. | 8:00 | 8:40 | 20 | 13:30 | 14:10 | 20 |
| 2. | 9:00 | 9:40 | 5 | 14:30 | 15:10 | 5 |
| 3. | 9:45 | 10:25 | 5 | 15:15 | 15:55 | 5 |
| 4. | 10:30 | 11:10 | 5 | 16:00 | 16:40 | 5 |
| 5. | 11:15 | 11:55 | 5 | 16:45 | 17:25 | 5 |
| 6. | 12:00 | 12:40 | 5 | 17:30 | 18:10 | 5 |
| 7. | 12:45 | 13:15 | | 18:15 | 18:45 | |

### 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 27 | / | / | / | / |
| **Број на ученици** | 463 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 43 | / | / | / | / |

### 8.5. Проширена програма

#### 8.5.1 Програма за прифаќање на децата од I до III одделение еден час пред и по наставата

**1.Вовед:** Според член 32 од Законот за основно образование нашето училиште изготви програма која опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој.

**2.Цел:** Целта на оваа програма е да им се излезе во пресрет на родителите кои имаат потреба нивните деца да бидат згрижени еден час до почетокот и по завршувањето на наставата.

| Р. бр. | Активности | Очекувани резултати | Методи и постапки | Носители | Извори и докази | Врем. рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *1.* | Прием на учениците | Задоволство на родителот од згрижување на детето | Разговор | Наставник | Дневник за евиденција за згрижени деца | 10-15 мин |
| *2.* | Утринска гимнастика | Поттикнување на психомоторните активности | Демонстративна, објаснување, разговор | Наставник | Дневник за евиденција за згрижени деца | 10 мин |
| *3.* | Забавно-рекреативни активности | Позитивна стимулација за работа. | Демонстративна, објаснување, разговор, метод на игра | Наставник | Изработки од учениците | 20-25 мин |
| *4.* | Насоки за работниот ден | Насочување на вниманието | Разговор | Наставник | Дневник за евиденција за згрижени деца | 5 мин |

Изработиле: Одделенските раководители од I до III одделение

## 8.5.2 Програма за работа во продолжен престој

Во рамките на нашето училиште покрај редовната настава, постои и функционира продолжен престој кој работи според утврдена програма со:

- педагошки;
- психолошки;
- социолошки;
- медицински;

- економски карактер

Продолжениот престој е продолжена настава и учење која функционира како организирана целина од наставни и ненаставни содржини. Со учениците кои го посетуваат продолжениот престој се реализираат задолжителни и слободни активности кои позитивно влијаат на психофизичкиот развој. Функционирањето на продолжениот престој во рамки на училиштето преставува одлично решение за вработените родители кои ќе можат во целост да се посветат на работните обврски знаејќи дека своите деца им се во сигурни раце и на вистинско место.

Работата со учениците се состои во изработка на домашни задачи, дополнување и проширување на наставно - воспитни содржини и знаења, проверка на домашните задачи, вежби и проверка на знаењата. За подобрување на успехот се соработува со одделенските наставници се применуваат и контролни задачи, учење по даден потсетник, вежби, дидакти и сл.

Се придонесува за формирање на позитивни вредности кај учениците, создавање на работни навики, прецизност, самостојност, одговорност, истрајност, дружељубивост, меѓусебно почитување, самокритичност и развивање на другарството.

Учениците имаат можност за слободно творење по катчиња, изработка на цртежи во ликовно катче, играње со дидактички материјал во семејно-драмско катче, побрзо и полесно описменување, играње колективни игри, читање и пишување. Во продолжениот  престој се реализираат и слободни активности: читање енциклопедии, гледање и анализа на едукативни филмови, играње колективни - едукативни игри. Во соработка со наставникот по физичко образование, учениците од продолжениот престој често ја посетуваат фискултурната сала каде изведуваат физички вежби за релаксација и рекреација.

Во секојдневната работа се користат сите нагледни средства со кои располага училиштето. Планирана е реализација на активности за работа со компјутери, со кои преку дидактички игри учениците се стекнуваат со нови знаења ,ги проверуваат, систематизираат и прошируваат своите знаења.

Во продолжениот престој се опфаќаат ученици од I-V одделение од различни паралелки и истите се згрижуваат во период од 07:30 – 16:30 часот за кој се обезбедени содветни просторни услови и наставен кадар.

Продолжениот престој продолжува да функционира и оваа учебна година.

Согласно Концепцијата за деветгодишно основно образование училиштето организира и реализира проширена програма за прифаќање и згрижување на учениците од прво до петто одделение еден час пред започнување на наставата и еден час по завршување на редовната настава.

**8.6. Комбинирани паралелки**
Нема

**8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште**

1.Англиски јазик во 27 паралелки
2.Француски јазик-во 12 паралелки

**8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение**
1.Катерина Дојциноска – Според новиот Закон за основното образование од претходната учебна година ангажирано е лице како тандем наставник за наставата по ФЗО во второ и четврто одделение во учебната 2022/2023 година, а нов тандем наставник ќе биде ангажиран во прво и трето одделение.

**8.9. Изборна настава**

Наставата по изборните предмети ќе се изведува во текот на учебната година согласно изработена интерна процедура за избор. Наставниот кадар преку известувањето на родителите и учениците и преку нивно потполнување на изјави за изборот на наставниот предмет, вршат подготовка за организација на овој вид настава. Тие ќе ги користат Наставните програми за изборните предмети изработени од Бирото за развој на образованието.

Според наставниот план ќе се изведува уште и дополнителна и додатна настава кои имаат задолжителен карактер за училиштето и наставниот кадар.

Наставата се организира и изведува според програми за задолжителни и изборни наставни предмети што се изучуваат според Наставниот план за основното образование. Со постојните материјално, технички и кадровски услови во нашето училиште оваа учебна година ќе бидат застапени следните изборни предмети:

| **Изборен предмет** |
|---|
| Класична култура, Образование за животни вештини IV-1,2,3 |
| Образование за животни вештини Класична култура и образование за животни вештини V-1,2,3 |
| Класична култура во европската цивилизација VI-1,2,3 |
| Унапредување на здравјето VII-3, VIII-1 |
| Изборен спорт VII-2, VIII-2, VIII-3 |
| Истражување на родниот крај VII-1 |
| Проекти од Ликовната уметност IX-3 |
| Проекти од Информатика IX-1,2 |

## 8.10. Дополнителна настава

Овој вид настава ќе се организира како форма  за пружање помош и поддршка на ученици кои имаат тешкотии при совладувањето на наставните содржини од било кои причини и по било кој предмет, а во форма на индидвидуализирана настава и посебен приод кон ученикот. Дополнителна настава ќе се организира за учениците кои ќе се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети. Дополнителна настава ќе се организира во зависност од потребите на учениците од прво до деветто одделение и со согласност од родители. Истата ќе се изведува во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, а на крајот од учебната година дополнителна настава ќе се организира за учениците со негативни оценки. Оваа учебна година се планира и вклучување на тутор-волонтери, образовни медијатори и образовни ментори, како и соработка со ресурсни образовни центри. Распоредот се изготвува на почетокот на учебната година се истакнува на огласна табла на училиштето и се доставува до ДПИ. Начин на планирање, реализирање и следење на ученици кои посетувале дополнителна настава за секој предмет одделно е опишан како дел од годишно планирање на наставниците за учебна 2022/2023 година.

## 8.11. Додатна настава

Додатна настава ќе се организира како форма за пружање помош на учениците  кои во текот на редовната настава покажале надпросечни резултати и имаат потреба од дополнителни знаења  од одредени наставни подрачја  за кои покажуваат интерес, а поседуваат посебна надареност.

Во реалицацијата на редовната и другите видови настава училиштето ќе настојува  да ги користи сите можни потенцијали што ги пружа локалната средина, користејки ја помошта  во тој поглед што може да ја даде  Советот на родителите  и другите стручни кадри од било кој профил, а кои се во реонот на училиштето и блиската околина. За соработка со локалната средина  ќе се грижи посебна комисија  со изготвена програма  како прилог на оваа Програма. Распоредот се изготвува на почетокот на учебната година се истакнува на огласна табла на училиштето и се доставува до ДПИ. Начин на планирање, реализирање и следење на ученици кои посетувале додатна настава за секој предмет одделно е опишан како дел од годишно планирање на наставниците за учебна 2022/2023 година.

### 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

| | Активности | Носители | Време | инструменти | Форми на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификација | 1.Дијагностицирање на надареноста-талентот<br>2.Разговор со ученикот за вклучување во индивидуални или групни активности<br>3.Разговор со родители за вклучување во индивидуални и групни активности според талентот<br>-Прибирање на претходно постигнати резултати на ученикот од училиштето и надворешни институции(музичко и балетско училиште, спортски клубови , ликовни секции и др) | -Наставници<br>-Стручни соработници<br>-Родители | Почеток на учебната година | Прашалници за упис во прво одд.<br>обсервација за време на часови<br>постигнати реултати по наставниот предмет<br>Освоени награди на ниво на училиште или надвор од училиштето | индивидуална<br>групна<br>истражувачка |
| Следење на напредокот на учениците | -изготвување Индивидуален лист за постигањата зај ученикот<br>-секојдневно следење од одделенскиот или предметниот наставник и бележење на постигањата<br>-евидентирање на успесите на учениците во учебната година<br>- годишен извештај за постигања на идентифицираните ученици | -наставници<br>-стручни работници<br>-родители<br>-други стручни лица на локално ниво и пошироко | континуирано<br>на секој класификационен период (полугодие - крај)<br>на крај на учебна година | Индивидуални листи<br>секојдневни белешки<br>листи за следење<br>евидентни листови<br>табеларни прегледи<br>извештај за освоени награди-индивидуални групни | индивидуална<br>групна<br>синтеза<br>анализа<br>истражувачка<br>средување и споредување на податоци<br>Е-истражувања<br>консултации со менторите<br>презентација |

***Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани***

Учењето од далечина ни покажа дека доколку учениците со акцент на надарените и талентирани ученици им се даде време и слобода во изнаоѓање на решенија при совладување на наставниот материјал, изработка на проектна задача или истражување истите својот талент и афинитет кон одредена област го насочуваат кон креативно изразување и изработка на алатки за осовременување на наставата.

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го поддржи талентираниот ученик. Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем.

Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои се бидат насочени кон самостојно учење и користење информации: развивање на способност, формирање методи, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија. Работата во нашето училиште ќе ја насочиме кон развивање екипирање на надарените и талентирани ученици преку:

- интеркултурни размени и вклучување на учениците во мобилни активности
- индивидуализација во наставата со учениците
- групна настава за учениците со приближно исти способности
- проектни активности
- слободни ученички активности
- организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности
- организирање креативни работилници, дебати и форум театри

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Децата кои од било кои причини потешко и побавно напредуваат односно се развиваат, се карактеризираат како ученици кои имаат посебни образовни потреби. Со оглед на тоа што во процесот на учење, секој ученик напредува со различна брзина, како резултат на различните интереси, способности и можности кои ги поседува затоа и воспитно-образовниот процес се прилагодува според неговите можности и способности. За таа цел, посебно се обрнува внимание во активностите кои ќе бидат преземени, да има вклученост на наставници, претставници од стручната служба, родители.

На ниво на училиштето работи Училишен инклузивен тим кој е составен од директорот на училиштето, членовите на стручната служба, по 1 наставник од одделенска и предметна настава и 2 родители на деца кои имаат ученик со ПОП.

За секој ученик посебно, училиштето има формирано Инклузивен тим за ученик во чиј состав влегува одделенскиот наставник на ученикот, претставници од стручната служба и родителот на ученикот.

Претставниците на стручната служба, заедно со наставниците, а во соработка со родителите на овие ученици се вклучуваат во детектирањето, поддршка во совладување на знаењето, интервенција во областа на пројавената тешкотија и сл.Тоа се остварува со индивидуални и групни разговори, советувања, работилници, насоки за соработка.

Во процесот на работа со овие деца,посебно се обрнува внимание наставните средства и помагала да бидат прилагодени според видот на попреченост, да има обезбеден превоз, по потрба вклученост на стучни лица и сл. За учениците кои се со категоризација, наставниците во соработка со родител и претставници на стучната служба изготвуваат ИОП. За учениците со специфични тешкотии во учењето се применува диференциран пристап, а по потреба се организира дополнителна настава.

Во работата со овие ученици посебно се обрнува внимание за нивно редовно вклучување во наставниот процес, подобрување на нивната социоемоционална состојба, следење на нивните постигања, обезбедување, прифаќање и поддршка од соучениците преку помош во совладувањето на наставните содржини. За постигнување на овие активности потребно е целокупно ангажирање од страна на наставниците, соучениците, ученичката заедница, родителите.

**Програма за работа на инклузивниот тим за учебна 2022-2023 година**

| Цели | Активности | Носители | Ресурси | Очекувани резултати | Време /Реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификација и евидентирање на ученици кои имаат потреба од посебен пристап во работата и изготвување на индивиуални планови за работа со нив. | Разговори со деца и родители, опсервација, користење на психолошки тестови и др. Иструменти за идентификација на учениците | Одделенски и предметни наставници<br><br>Стручни соработници од училиштето и по потреба стручни лица од соодветни институции; | Стручна литература, сознанија од обуки и семинари, психолошки наоди и мислења, формулари за идентификација за наставник, наоди и мислења од Комисија за категоризација, лекарска документација, забелешки од опсервација и сл. | Идентифицирани ученици со дефиниран статус | континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Советодавно-консултативни разговори со наставниот кадар, ученичка заедница, родители | Запознавање и подршка на наставниот кадар во идентификува ње (детектирање) на наставни потреби за Учениците | Стручни соработници одделенски наставници, одделенски раководител и, предметни наставници, родители, ученици | Консултативна-советодавна работа | Подобрување на постигањата и социјализацијата на ученици со ПОП | Октомври |
| Зголемена соработката помеѓу наставниците и договарање на заеднички и индивидуални активности | Неформални средби со наставниот кадар и друг кадар и разговор по поединечни прашања или тешкотии | УИТ, наставници | Размена на идеи, предлози, мислења, консултации | Зголемен број на наставници што добиле поддршка од УИТ | Ноември |
| Следење на индивидуалните постигањата на учениците со потешкотии во прво полугодие; | Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на евидентирани ученици со ПОП. Ревидирање на ИОП | УИТ, наставници, родители | Евидентни листови за следење на учениците | Процена на постигањата. Вклучување на овие ученици во групна работа и слободни ученички активности | Декември |
| Подобрување на социјална и емоционална состојба на учениците со ПОП | Разговори со учениците. Советодавни разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | УИТ, наставници, ученици, родители | Консултативно-советодавна работа | Развивање на самодоверба и самопочитување кај овие ученици | Јануари /Февруари, континуирано |
| Обезбедување поддршка од соученици | Советодавни-консултативни разговори со наставници, ученици, родители | УИТ, наставници, ученици | Досие на ученик со ПОП | Подобрување на постигањата и на социјализација на ученици со ПОП | Март |
| Размена на искуства од страна на наставниците и запознавање со ресурсни и др.центри на деца со ПОП и | Средби и размена на мислења,искус тва,вклучувања во обуки и семинари,посе та на Дневен центар за деца | УИТ, наставници, ученици, родители | Брошури, стручен материјал и др.; | Оспособување и проширување на знаења и вештини на наставници за работа, вклучување на децата со | Април, континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| активности на учесниците | со посебни потреби и сл. | | | посебни потреби во организирани секојдневни активности | |
| Следење на индивидуалните постигањата на учениците со потешкотии во второ полугодие; | Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на евидентирани ученици со ПОП. | УИТ, наставници, родители | Евидентни листови за следење на учениците | Процена на постигањата. | Мај |
| Сумирање на реализирани активности и ефекти од работата на УИТ | Извештај за работа на УИТ | УИТ | Извештаи од реализирани активности | Документирање на работата на УИТ. Формулирани предлози за работа за наредна година | Јуни |

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во учебната 2022–2023 година не се организира туторска поддршка на учениците.

### 8.15. План на образовниот медијатор

Во учебната 2022–2023 година немаме потреба од ангажирање на образовен медијатор.

## 9. Воннаставни активности

### 9.1. Училиштен спортски клуб

Во училиштето е формиран училишен спортски клуб под името „ПОЛЕЖИНОСКИ“.

### 9.2. Секции/Клубови

Општа цел на слободните ученички активности, организирани преку секции, е да се развиваат различните интереси на учениците, како и да се насочуваат сами подлабоко во себе да ги препознаат своите афинитети како услов за поефикасен и поефективен понатамошен развој. Секциите се подолготрајни воннаставни активности коишто се реализираат еднаш неделно (1-2 часа неделно, во просек), во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година. Секција се формира за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес, може да учат во иста паралелка, во различни паралелки од иста година (на пример, VI одделение), или во различни години во рамки на ист возрасен циклус (на пример, VII - IX одделение). Притоа е важно целата група заедно и континуирано да учествува во работата на секцијата. Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по

потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители (во улога на помошници или носители за активностите) или волонтери од заедницата.

Во рамките на овој вид вонnаставни активности ќе се реализираат:

- секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/области (од странски јазици, млади математичари, физичари, информатичари, историчари, хемичари, библиотекари, географичари и биолози. математичка, информатичка, литературна, ликовна);
- секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците (фотографија, драма, танцување, готвење, градинарство/хортикултура);
- секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање);
- спортско-рекреативни секции (пр. фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пинг-понг, планинарење, јога, пилатес, велосипедизам);

Согласно Концепцијата за воннаставни активности за учебна 2020-2021 година, изборот на секции и одговорни наставници ќе се распредели по спроведена анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секции кои ќе се реализираат. Изборот на наставници ќе се изврши на Наставнички совет, врз основа на ангажираноста на секој оддел

ен наставник во наставни активности.

Секој одговорен наставник има изработено посебна годишна програма за работа на секцијата во која се прецизирани општите и конкретните цели, термините и времетраењето, вклученост на сите релевантни фактори, процедура за екипирање на заинтересирани ученици како и списоци на сите членови во секцијата. За успешна организација и реализација на воннаставните активнсти, училиштето ќе обезбеди соодветните просторни услови и потребните материјали, преку учество во проекти, доброволни прилози, дона ции, подароци, завештанија и легати.

Секции кои ќе се реализираат во училиштето

| | |
|---|---|
| **Литературна секција** | Билјана Костески |
| **Драмска** | Анѓелина Цветаноска |
| **Рецитаторска** | Ирена Мирчески |
| **Љубители на музиката** | Кристина Цветаноска |
| **Англиска секција** | Кармен Срафилоска, Славица Блажеска, Наташа Аврамовиќ |
| **Математичка секција** | Марија Кузманоска, Милена Крстеска |
| **Спортска секција** | Зоран Настевски, Дијана Илијоска, Катерина |

| | |
|---|---|
| | Дојциноска |
| **Млади техничари и природници** | Борче Никоски |
| **Информатичари и програмери** | Кристина Митреска Дичоска |
| **Француска секција** | Цветанка Камчева Сиљаноски, Кочо Томески |
| **Млади физичари** | Марија Кузманоска, Зоран Ристевски |
| **Млади биолози – екологисти** | Силвана Кирова, Сузана Марковска |
| **Историска секција** | Мито Јовески, Драган Петрески |
| **Млади хемичари** | Славе Ѓинковски |
| **Географска** | Светлана М. Трпеска, Ѓордана Тодороска |
| **Детски/човекови права** | Драган Петрески |
| **Почитување на различности** | Марија Попоска – социолог |

**9.3. Акции**

Акциите се краткотрајни воннаставни активности, кои се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови и можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер.

Програмите за сите овие воннаставни активности се изработени со сите потребни елементи и се составен дел на годишната програма на училиштето.

Оваа учебна година ќе биде одбележан четириесеттиот јубилеј од работење и постоење на училиштето. По тој повод во месеците септември и октомври ќе се реализира манифестацијата под наслов “40 дена, 40 настани, за нашиот 40 годишен јубилеј“

Културно-образовната активност училиштето ќе ја реализира со цел на учениците и родителите да им се презентираат достигањата на училиштето како во редовната настава, така и во воннаставните активности, а преку организирани натпревари, смотри и други манифестации за кои се изработени посебни годишни програми како дел од работа на комисии при училиштето.

Манифестации од помал обем ќе се организираат на ниво на паралелки и тоа во рамките на одбележувањето на позначајни историски датуми, празници на националностите кои се дел од училиштето, јубилеи и активности од интеркултурален карактер. Исто така, ќе се организираат средби за размена на искуства и позитивни практики помеѓу ученици и наставници со збратименото училиште „Блаже Конески “ од Велес, партнер училиштата Гоце Делчев и Вера Јоциќ од Скопје во Проектот за обнова на каде што се одржан првиот час на македонски јазик во селото Подвис и соработка со другите училишта од нашата земја. Исто така ќе се реализираат активности и манифестации во Проектите од Еразмус+ програмата кои се финансирани од Европската агенција за образовни

програми и мобилност и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

Во текот на учебната година се организираат повеќе собирни хуманитарни акции. Во рамките на јавната дејност пред Советот на родители и Училишниот одбор директорот на училиштето ќе поднесува Полугодишен и Годишен извештај за целокупната работа на училиштето.

Советот на родители ќе ги разгледа сите предлози и иницијативи за соработка со родителите, учениците и граѓаните од подрачјето на училиштето. Носител за информирање и давање на податоци во училиштето е директорот.

| **Настан** | **Форма** | **Субјекти** | **Наставник** | **Време на одржување** |
|---|---|---|---|---|
| Прием на првачиња | Приредба | ученици од I -V одделение | одделенски наставници | 01.09.2022 |
| Одбележување на Детска недела | Ликовна изложба Литературни творби<br>Игри без граница<br>Спортски активности меѓу учениците од VI и-VII и VIII и IX одделение. | Сите ученици од<br>I -V<br>VI-IX | одделенски наставници<br>наставници по македонски јазик<br>наставници по ликовно образование<br>наставници по физичко образование | Прва цела полна недела во месец октомври |
| Одбележување на11 Октомври - - Ден на народното востание | Читање реферат,<br>изработка на ѕиден весник | Сите ученици од<br>I- IX одделение | наставници по историја<br>наставници по македонски јазик | 10 октомври 2022 г. |
| Предновогодишни случувања | Китење на елка и украсување на училиштето<br>Ученичка забава-хепенинг,приредба | Ученици од I- IX | одделенски наставници<br>наставници по ликовно и музичко образование и одделенски раководители | 21 12.2022 - 29.12.2022 |
| 8 март - Ден на жената | Литературни,ликовни и литературни творења<br>преку творечки работилници<br>(изработка на цртежи, честитки и разни подароци) | Сите ученици од прво до деветто одделение | сите одделенски наставници<br>наставници по македонски јазик,<br>наставници по ликовно образование | март 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21 Март - Ден на екологија | Ликовни и литературни творења,<br>Работна акција во чистење и уредување на училишен двор | Сите ученици од прво до деветто одделение | одделенски и предметни наставници | 21 Март 2023 |
| 1 Април-<br>Ден на шегата | Работилница за изработка на маски<br>Маскенбал | ученици од I-V одд. | Одделенски наставници | 1 Април 2023 |
| Одбележување на<br>24 Мај - Ден на сесловенските<br>просветители,<br>Кирил и Методиј | Реферат ,<br>Изработка на ѕиден весник со литературни творби на тема за „Кирил и Методиј--нашите први учители“ | сите ученици од прво до осмо одделение | наставници по историја, македонски јазик, одделенски наст. | 24.5.2023 |
| Обележување на Денот на училиштето | Реферат, Ликовен и литературен конкурс, изложба, изработка на ѕиден весник со литературни творби на тема за „Го славиме делото на Д-р Владимир Полежиноски“, Ученичка забава, спортски манифестации-ученици, родители, вработени | сите ученици од прво до деветто одделение, вработени, родители | сите наставници од прво до деветто одделение | Мај 2023 |
| Промотивни завршни настани за размена на позитивни практики од проектите реализирани со партнер училиштата | Ставање акцент на креативниот приод за решавање на проблеми. Обработка и примена на податоци преку визуелизација.<br>Вклучување на учениците преку заеднички | Проектен тим<br>Наставници<br>Ученици<br>Партнер училишта | Проектен тим | Учебна 2022/2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | активности<br><br>Развивање на чувство на припадност на група со заеднички цели, без ралика на етничка припадност;<br><br>Зголемување на љубопитноста и мотивацијата на учениците за областите на наука, технологија, математика и уметност;<br><br>Менување на приодите за употреба на технологија во училницата;<br><br>Подигнување на свеста на учениците за меѓусебна толеранција и соработка преку заеднички работилници;<br><br>Продлабочување на знаењата за различните етникуми и култури, нивниот начин на живот како и нивниот стил на учење. | | | |
| Одбележување на крајот на учебната година | Приредба на деветтоодделенците по повод завршување на учебната година | ученици од I до IX одделение Родители | одделенски наставници<br><br>предметни наставници | Јуни 2023 |

- Во согласност со својата воспитно-образовна функција во училиштето се организираат значајни општествено –хуманитарни активности, во кои активно учествуваат учениците, наставниците, родителите и пошироката заедница. Оваа работа има за цел кај учениците да развие чувство за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство за одговорност и истрајност, навика за одржување на чиста и здрава околина, да создава почит и позитивен однос кон спомениците на културата и историското минато. Исто така да придонесе за правилно сфаќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на луѓето. Во ООУ „Владимир Полежиноски"-Кичево секоја учебна година е исполнета со многу содржини и настани, кои се организираат по повод значајни празници, Денот на училиштето празник, собирни (хуманитарни) акции, еколошки акции (значајни датуми од Еко календарот). Најмалку два пати годишно се организираат базари со цел да се поттикнат претприемачки вештини кај учениците, отворени часови и хепенинзи. Тука е и повеќегодишна традиција за организирање на Еко - маскенбал по повод Ден на шегата, Велигденски хепенинг, Новогодишен базар на чии штандови се претставени изработки од рециклирани материјали во кои доаѓа до израз креативноста на нашите ученици, родители и наставници. Во рамките на МИО програмата, на барање на МОН општините се задолжени да изготват Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општините. За таа цел Секторот за образование при општина Кичево формираше Комисија за изработка на Стратегија на МИО и младинско учество, во која претставник од нашето училиште е педагогот Татјана Костеска.

## Програма за општествено – хуманитарна работа

| Цели | Содржини и активности | Реализатори | Време на реализација | Очекувани ефекти/крите риуми за успех |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| Креирање на план за спроведување на активности поврзани со општествено-хуманитарна работа во училиштето | Формирање на тим за општествено-корисна работа и изготвување на план на активности на истиот со јасно дефинирани цели | Наставници, Стручни соработници | Август/прва половина на септември | Формиран тим за општествено-корисна работа и изготвен план на активности; |
| Развивање на позитивен однос кон трудот,вклучување на сите вработени и ученици во активности за уредување и одржување на просторот во училиштето и околу него; | -Отстранување на сметот;<br>-садење на садници,хортикултурално уредување на училишниот двор;<br>-Разни акции за собирање на стара хартија и пластика; | Наставници, ученици, технички персонал | Во текот на целата учебна година | Одржување на чиста и уредна околина, зголемување на интерес за собирање на материјали за рециклирање,зголемување на интерес за собирање на отпадот |
| Вклучување на локалната заедница, Јавни претпријатија,граѓански организации и родителите на учениците | Уредување на непосредната околина на училиштето (еколошки акции, кампањи, редовни еколошки патроли) | Наставници и ученици Еко одбор; Родители, ЈП,,Комуналец,, -Кичево, граѓански организации | Во текот на целата учебна година | Навремено извршување на задачите и истрајност при извршувањето на истите; |
| Развивање љубов кон природата и природните убавини | Организирање на акции на разни изработки од учениците-базари (најмалку две во текот на учебната година) | Наставници и ученици | Ноември, Април и Мај | Развиена свест и љубов кон природата и природните убавини; |
| Организирање на собирни акции: парични, облека, храна, играчки и книги | Донирај од срце,собрни акции за стара облека;<br>-Акции за собирање на книги ,лектири;<br>-Акција за собирање на играчки;<br>-Собирна акција за храна ,помош на социјално загрозени семејства;<br>-Собирни акции ,парична помош за | ПЦК тим, наставници, ученици, стручни соработници, директор | Во текот на целата учебна година, кога ќе се појави потреба од тоа | Развивање на хуманост и солидарност кај учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | болни другарчиња; | | | |
| Организирање на хуманитарни хепенинзи | Новогодишен, Велигденски и хепенинг за Денот на училиштето | Наставници Ученици Родители | Декември Април Мај | Развивање на хуманост и солидарност кај учениците |
| Негување здрава и чиста околина и развивање работни навики | Земање активно учество во акции за засадување на садници во блиска околина или уредување и чистење на непосредната околина | Наставници, ученици | Во текот на целата учебна година | Стекнати работни навики за одржување на здрава и чиста околина |

*Напомена: Програмата во текот на учебната година можно е да претрпи извесни дополнувања според актуелно наметнатите промени и нови активности.

## 10. Ученичко организирање и учество

### ОДДЕЛЕНСКА ЗАЕДНИЦА

На првиот одделенски час од учебната година, класниот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите за избор на претседател, заменик претседател и другите постојани и повремени тела на одделенската заедница.

На вториот одделенски час од учебната година се пријавуваат кандидатите кај одделенскиот/класниот раководител. Можат да се кандидираат и ученици кои и претходно биле претседатели на одделението.

Кандидатите мора да ги имаат пополнето следниве документи:

Формулар за пријавување за избор на претседател на одделение;

Листа со потписи за поддршка;

Мотивациско писмо.

На третиот класен час се спроведува процедурата за избор на претседател на одделенска заедница (непосредни избори). Изборот се спроведува доколку има присуство од 2/3 од вкупниот број на ученици.

Најпрво одделенскиот раководител ги собира пријавите од кандидатите со комплетни документи и се пристапува кон избор на претседател на одделенската заедица.

За избран претседател се смета кандидатот кој има освоено најголем број гласови од вкупниот број на ученици од иста класна заедница. Доколку повеќе кандидати освојат ист број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат освоен ист најголем број на гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот кој има повеќе гласови. За заменик претседател се избира следниот кандидат со најголем број на гласови, од различен пол од

претседателот, доколку постои таков кандидат. Доколку не постои, се избира наредниот кандидат со најголем број на гласови.

Право да поднесе пријава за претседател на класна заедница има секој редовен ученик кој има писмена поддршка од најмалку 1/5 од вкупниот број на ученици од истата паралелка. Пријавата од овој став се поднесува до класниот раководител.Одделенскиот раководител на увид на учениците им ги доставува апликациите, листата со потписи и мотивационите писма. Пријавените кандидати за претседатели ги читаат мотивационите писма (5 минути). Учениците гласаат по што според добиоените резултати од изборите, се оформува претседателството.

Работата на одделенската заедница ја води претседателот на одделението, односно на одделенската заедница и ги работи следните задачи:

- Ги претставува учениците од одделенската заедница во ученичкиот парламент и пред другите органи на училиштето,
- Учествува во работатана ученичкиот парламент,
- Ги информира учениците од одделенската заедница за работите за кои се одлучува во ученичкиот парламент,
- Организира расправи во одделението за конкретни прашања и проблеми (по сопствен аиницијатива или по иницијатива на другите ученици/чки),
- Присуствува на родителските средби,
- Се грижи за мирно решавање на споровите во класот,
- Соработува со претседателите на другите одделенски заедници,
- Соработува со постојаните и повремените комисии.

## УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

Ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, а составен е од претседателите на одделенските заедници во училиштето.

После изборот на одделенските заедници почнува рокот за поднесување на кандидатури за претседател на ученичкиот парламент и истите се поденсуваат во стручната служба во училиштето. Рокот за поднесувањње на кандидатурите за оваа учебна година започнува на 15 сепtенври и ќе трае до 25 септември. Изборот на претседател на ученичкиот парламент ќе биде на 29 септември.

Конститутивната седница на ученичкиот парламент се одржува во последната работна недела во месец септември. Конститутивната седница, односно првата седница на ученичкиот парламент ја свикува и со неа претседава директорот на училиштето.

Изборот на претседател на ученички парламент е втора точка на конститутивната седница на ученичкиот парламент. На конститутивната седница се избира комисија од тројца членови која го спроведува изборот на претседател на ученички парламент. Мандатот на претседател на ученичкиот парламент изнесува една учебна година. Гласањето за претседател на ученички парламент се одвива тајно.

Гласањето може да се одржи само доколку на седницата се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на претседатели и заменици претседатели на одделенски заедници.

На претседателот на ученичкиот парламент во неговата работа му помага трочлено кординативно тело кое е составено од по еден претставник од членовите на ученичкиот парламент од шесто, седмо и осмо одделение, како и заменик претседателот и секретарот на ученичкиот парламент кои се избираат од редот ученичкиот парламент. Постапката за изборот на челновите во кординативното тело и заменик претседател и секретар на ученичкиот парламент се врши на седница на ученичкиот парламент со тајно или јавно гласање, а може и со акламација.

Седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент е должен веднаш, а најдоцна во рок од два дена да свика седница на ученичкиот парламент доколку тоа го побараат најмалку половината од вкупниот број на претседатели на класни заедници или директорот на училиштето. Ученичкиот парламент може да заседава и да одлучува доколку се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број на претседатели на класни заедници.

На седниците на ученичкиот парламент, без право на глас може да учествува секој ученик, директорот на училиштето, училишниот педагог, социологот, психолог, други стручни соработници и претставници на родителите од Советот на родители.

Седниците на ученичкиот парламент се одржуваат во соодветна просторија определена од директорот на училиштето или во просторијата каде се одржуваат седниците на стручните органи и тела на училиштето.

**Ученичкиот парламент:**

1) ги донесува Правилникот за работа на одделенските заедници и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од Работното тело на ученичкиот парламент;

2) активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;

3) активно учествува за промовирање, заштита и застапување на правата и интересите на учениците;

4) го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;

5) соработува со институциите и другите организации кои работат со младите.

**УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**- Постапка за избор на ученик правобранител**

Ученик правобранител е ученичка функција и должност која претставува модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Следува опис на последователни чекори за селекција на ученик правобранител и негови заменици, кое секое училиште треба да ги направи со можност за дополнителни активности врз основа на специфични потреби на локално ниво.

Оваа учебна година повторно треба да се изврши избор на нов ученик правобранител и негови заменици според истата процедура како и за претходните:

Се распишува отворен повик за избор на ученик правобранител и негови заменици. Повикот се објавува на огласните табли и на веб страната на училиштето при што се почитуваат следните насоки:

Повикот за ученик правобранител и негови заменици се објавува во првата недела на октомври;

Во основните училишта за ученик правобранител може да аплицираат само учениците од VII до IX одделение

За заменици можат да аплицираат исто учениците од VII до IX одделение.

Во повикот се означува почетниот и крајниот датум за поднесување на пријави;

Во повикот се назначува до кого и каде се доставуваат пријавите од страна на учениците;

Во повикот се објаснува процесот на селекција: кој ќе биде вклучен во процесот на селекција, кога и каде ќе се направи финалната селекција и кога ќе бидат објавени резултатите;

Во повикот се објаснува и процесот на обучување на избраните учесници и поддршката која ќе ја добијат од училишниот персонал во текот на спроведувањето на своите обврски.

На однапред договорен состанок Комисијата (директор, педагог, наставници задолжени за УП и еден ученик (претседателот на ученичкиот парламент или негов заменик) одлучува по пријавите за функцијата ученик правобранител и неговите/нејзините заменици/чки. При селекцијата се земаат во предвид следните критериуми:

- пол,
- возраст,
- основно познавање на детски права,
- мотивација за пријавувањето,
- комуникациски и организациски способности,
- претходно поведение,
- претходно искуство односно вклученост во вон-наставни активности.

Се препорачува Комисијата да спроведе интервју со пријавените кандидати со цел да ги утврди компетенциите на кандидатите.

Комисијата на учениците од VII до IX одделение им ги презентира кандидатите за ученички правобранител.

Ученичкиот правобранител се избира со тајно гласање, а право на глас имаат сите ученици од VII до IX.

**Мандат на ученичкиот правобранител**

Мандатот на ученикот правобранител и неговите заменици е 1 година со право на повторен избор. По завршувањето на мандатот се објавува нов повик.

**Функцијата и улогата на ученик правобранител**

Функцијата и улогата на ученик правобранител и неговите заменици ќе биде составена од три примарни компоненти:

1. **Промовирање на детските права**. Задачата на ученикот правобранител за промовирањето на детските права примарно ќе биде реализирана преку промотивни активности (**едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.**). Информации за содржината на работилниците ќе бидат обезбедени од страна на стручната служба во училиштето. Исто така, учениците правобранители и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Логистичка помош обезбедува Тимот за Ресурсен Пакет.

2. **Поддршка за заштита на детските права**: Втората задача на ученикот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците. Понатаму ученикот правобранител ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Учениците правобранители имаат редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученикот правобранител учествува во работата на ученичкиот парламент.

Ученикот правобранител треба да подготви и достави месечни извештаи од овие активности до стручната служба. Наодите од извештаите ќе се користат за дизајнирање на идните активности.

*Забелешка: Програмата и Акцискиот план за работа на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител се изработуваат веднаш по изборот во соработка со ресурсниот тим во состав:

- Горан Карафилоски – директор
- Татјана Костеска – педагог
- Драган Петрески – наставник по граѓански право.

Претседателот на ученичкиот парламент и ученикот правобранител непосредно по нивниот избор, доставуваатат листа на материјали до

раководството на училиштето кое ќе се обиде да ги обезбеди и истите ќе се чуваат во просторијата која ќе им се додели на нивно користење.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1 Екскурзии, излети и настава во природа

Врз основа на Одлука од Училишниот одбор, стручен тим за изработка на програма за екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците ги оредели следниве постети:

**Програма за ученички екскурзии од научен карактер за учениците од I - IX одделение за учебна 2022/2023 година**

**Стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето**

| Име и презиме | Работно место | Потпис |
|---|---|---|
| Карафилоски Горан | Директор | |
| Костеска Татјана | Педагог | |
| Ширгоска Весна | Наставник | |
| Алексова Ирена | Наставник | |
| Сарафилоска Анета | Наставник | |
| Настески Зоран | Наставник | |
| Гореski Илчо | Наставник | |
| Јовески Мито | Наставник | |

**ООУ„ Д-р Владимир Полежиноски“-Кичево**

**П Р О Г Р А М А**
**За организација и изведување на есенски и пролетен еднодневен излет**

**Учебна 2022/2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Место на изведување на екскурзијата** | Св. Ѓорѓија, Кнежино |
| **Одделение** | Ученици од I и II одделение |
| **Број на ученици** | 117 |
| **Воспитно – образовни цели** | Стекнување на навики за престој и рекреација на чист воздух<br>Рекреација и културно-уметничко изградување на учениците<br>Посета на манастирот „ Св. Ѓорѓија, Кнежино<br>Посета на Куќата на уметноста |
| **Задачи** | Развивање интерес за природа<br>Градење еколошки навики<br>Поттикнување и манифестирање позитивни емоции, социјализација, колективна заштита<br>Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење<br>Позитивен однос кон верските и културните вредности<br>Почитување на правилата при патување, запазување на редот, хигиената и точност |
| **Содржини и активности** | Запознавање и разгледување на локалитетот, рекреативни игри, дружење, набљудување, насочено внимание, посета на црквата „Св. Ѓорѓија, с. Кнежино “ . Поточно манастирот се наоѓа на ливада на рид под самото село. Покрај конаците манастирот има повеќе места за седење и широка ливада за рекреација. Разгледување на манастирот, фотографирање по избор на учениците и разговор со свештените лица. |
| **Раководители на екскурзијата** | Директор Карафилоски Горан, Дијана Петреска, Татјана Коцевска, Соња Миладиноска, Снежана Јованоска, Гордана Димитријеска, Гордана |

| | |
|---|---|
| | Колеска |
| **Време на реализација** | Мај |
| **Локалитети за посета** | Манастир „ Св. Ѓорѓија, сместен под селото Кнежино старите ископини на римскиот град и Куќата на уметноста која се најдува наспроти манастирскиот комплекс. |
| **Правец на патувањето** | Кичево– с. Кнежино – Кичево |
| **Техничка организација** | Технички исправни и безбедни патнички автобуси |
| **Начин на финансирање** | Финансирање од страна на родителите |

**ООУ„ Д-р Владимир Полежиноски“-Кичево**

**П Р О Г Р А М А**
**За организација и изведување на еднодневна екскурзија**
**Учебна 2022/2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Место на изведување на екскурзијата** | Скопје |
| **Одделение** | III одделение |
| **Број на ученици** | 60 |
| **Воспитно – образовни цели** | -Да се запознаат со убавините на главниот град Скопје и проширување на своите знаења<br><br>- Развивање на интерес за научните достигнувања и знаења<br>- Да ги проширува знаењата стекнати преку наставните програми во текот на учебната година.<br>-Да се поттикнува љубопитноста и истражувачкиот дух на |

| | |
|---|---|
| | светот што ги опкружува<br>- Да развива чувство за почитување на правилата на општественото живеење и преземање одговорност за своите постапки |
| **Задачи** | - Развивање позитивен однос кон научните достигнувања во светот, културните и естетските вредности.<br>-Запознавање со начинот на организирање на животот на животните во Зоолошката<br>-Развивање на другарство, толеранција,самоодговорност |
| **Содржини и активности** | Набљудување, прибирање на податоци и материјали карактеристични за секое посетено место, фотографирање на објектите, природните убавини и предмети, дружење, забава и заеднички игри. |
| **Одговорни наставници** | Анета Сарафилоска, Биљана Бебиќ, Роза Мицкоска |
| **Раководител на екскурзијата** | Директор |
| **Време на реализација** | Мај |
| **Локалитети за посета и правец на патувањето** | Кичево – Скопје -Кичево<br>Посета на Природо-научниот музеј и Зоолошката градина во Скопје, со панорамско разгледување на главниот град. Прошетка и дружење по кејот на реката Вардар низ центарот на Скопје. |
| **Техничка организација** | Висококвалитетен, климатизиран безбеден патнички автобус, туристички водачи, лекар. |
| **Начин на финансирање** | Самофинансирање од страна на родителите на учениците. |

**ООУ„ Д-р Владимир Полежиноски“- Кичево**

**П Р О Г Р А М А**

**За организација и изведување на еднодневна ексурзија за учениците од IV одделение**
**Учебна 2022/2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Место на изведување на екскурзијата** | Прилеп и Крушево |
| **Одделение** | IV одделение |
| **Број на ученици** | 44 |
| **Воспитно – образовни цели** | Развивање интерес за природата и градење еколошки навики; Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви; Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот; Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции; Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;<br><br>Изучување и истражување на историското минато и култот на личноста на Тоше Проески |
| **Задачи** | Набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите, граѓани и други материјали. |
| **Содржини и активности** | Прибирање податоци и материјали со историски содржини од секој посебен објект; водење интервју со кустоси, странски и домашни туристи, историчари, граѓани и слично. |
| **Раководители на екскурзијата** | Директорот на училиштето, |
| **Време на реализација** | Мај |
| **Одговорни наставници** | Ирена Илиоска, Ирена Алексова, Малина Петреска |
| **Локалитети за посета** | Могила на непобедените во Прилеп, споменикот Македониум и Мечкин камен во Крушево, како и Спомен куќата на Тоше Проески. |
| **Техничка организација** | Висококвалитетни, климатизирани, безбедни |

| | |
|---|---|
| | патнички автобуси, туристички водич, лекар. |
| **Начин на финансирање** | Самофинансирање од страна на родителите. |

**ООУ„ Д-р Владимир Полежиноски“-Кичево**

**П Р О Г Р А М А**

**За организација и изведување на еднодневна екскурзија за учениците од V одделение**

**Учебна 2022/2023 година**

| | |
|---|---|
| **Место на изведување на екскурзијата** | Маврово, Св. Јован Бигорски, Св. Ѓоргија Рајчица, Вевчани, Струга, Кичево |
| **Одделение** | V одделение |
| **Број на ученици** | 49 |
| **Воспитно – образовни цели** | Развивање интерес за природата и градење еколошки навики; Градење чувство за верска толеранција и соживот; Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции; Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе; Изучување и истражување на објекти од далечното минато и појави во природата како и односите во општествениот живот. |
| **Задачи** | Набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите, граѓани и други материјали. |
| **Содржини и активности** | Прибирање податоци и материјали со историски содржини од секој посебен објект; водење интервју со кустоси, странски и домашни туристи, историчари, граѓани и слично. |
| **Раководители на екскурзијата** | Директорот на училиштето, |
| **Време на реализација** | Април /Мај |
| **Одговорни наставници** | Јулијана Петреска, Весна Ширгоска, Светлана Никодиноска Костеска |

| | |
|---|---|
| **Правец на патувањето** | Маврови анови, манастирот Св. Јован Бигорски, манастирот Св. Горѓија во с. Рајчица, Вевчански водопади и градот Струга. |
| **Техничка организација** | Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водич, лекар. |
| **Начин на финансирање** | Самофинансирање од страна на родителите. |

**ООУ„Д-р ВЛАДИМИР ПОЛЕЖИНОСКИ“- КИЧЕВО**

**П Р О Г Р А М А**

**За организација и изведување на**
**еднодневна екскурзија за учениците од VI одделение за учебната 2022/2023 година**

| | |
|---|---|
| **Место на изведување на екскурзијата** | Маврово, Св. Јован Бигорски, Св. Ѓоргија Рајчица, Вевчани, Струга, Кичево |
| **Одделение** | VI одделение |
| **Број на ученици** | 55 |
| **Воспитно – образовни цели** | Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;<br>Градење чувство за верска толеранција и соживот;<br>Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;<br>Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;<br>Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;<br>Изучување и истражување на објекти од далечното минато и појави во природата како и односите во општествениот живот. |
| **Задачи** | Набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите, граѓани и други материјали. |
| **Содржини и активности** | Прибирање податоци и материјали со историски содржини од секој посебен објект; водење интервју со кустоси, странски и домашни туристи, историчари, граѓани и слично. |
| **Одговорни наставници** | Цветаноска Анѓелина, Крстеска Милена, Илијоска Дијана |

| | |
|---|---|
| **Раководители на екскурзијата** | Директорот на училиштето |
| **Време на реализација** | Април /Мај |
| **Локалитети за посета** | Маврови анови, манастирот Св. Јован Бигорски, манастирот Св. Горѓија во с. Рајчица, Вевчански водопади и градот Струга. |
| **Техничка организација** | Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водич, лекар. |
| **Начин на финансирање** | Самофинансирање од страна на родителите. |

**ООУ„Д-р ВЛАДИМИР ПОЛЕЖИНОСКИ“- КИЧЕВО**

**П Р О Г Р А М А**

**За организација и изведување на еднодневна екскурзија за учениците од VII одделение за учебна 2022/2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Место на изведување на екскурзијата** | Скопје |
| **Одделение** | VII одделение |
| **Број на ученици** | 39 |
| **Воспитно – образовни цели** | -Да се запознаат со убавините на главниот град Скопје и проширување на своите знаења<br>- Развивање на интерес за културното наследство и историските знаменитости<br>- Да ги проширува знаењата стекнати преку наставните програми во текот на учебната година.<br>- Да се поттикнува љубопитноста и истражувачкиот дух на светот што ги опкружува<br>- Да развива чувство за почитување на правилата на општественото живеење и преземање одговорност за своите постапки |
| **Задачи** | -Развивање на интерес за културното наследство и историските знаменитости<br>- Запознавање и разгледување на локалитетите<br>- Запознавање со начинот и динамиката на модерниот живот во главниот град |
| **Содржини и активности** | Набљудување, прибирање на податоци и материјали карактеристични за |

| | |
|---|---|
| | секое посетено место, фотографирање на објектите, природните убавини и предмети, дружење, забава и заеднички игри. |
| **Одговорни наставници** | Кирова Силвана, Ѓорески Илче и Јовески Мито |
| **Раководители на екскурзијата** | Директор |
| **Време на реализација** | Април / Мај |
| **Правец на патувањето** | Кичево – Скопје -Кичево |
| **Локалитети за посета** | Посета на Старата скопска чаршија со историските знаменитости, Куршумли Ан, Капаан Ан, Скопското кале, Соборниот храм Св. Климент Охридски, куќата на Мајка Тереза и еден од современите трговски центри. |
| **Техничка организација** | Висококвалитетен, климатизиран безбеден патнички автобус, туристички водачи, лекар. |
| **Начин на финансирање** | Самофинансирање од страна на родителите на учениците. |

**ООУ„Д-р ВЛАДИМИР ПОЛЕЖИНОСКИ“- КИЧЕВО**
**П Р О Г Р А М А**
**За организација и изведување на еднодневна екскурзија за учениците од VIII одделение**
**за учебна 2022/2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Место на изведување на екскурзијата** | Крушево и Битола |
| **Одделение** | VIII одделение |
| **Број на ученици** | 44 |
| **Воспитно – образовни цели** | Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;<br>Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;<br>Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;<br>Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;<br>Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;<br>Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;<br>Изучување и истражување на историското минато и култот на личноста на Тоше Проески. |
| **Задачи** | Набљудување, насочено внимание, |

| | |
|---|---|
| | прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите, граѓани и други материјали. |
| **Содржини и активности** | Прибирање податоци и материјали со историски содржини од секој посебен објект; водење интервју со кустоси, странски и домашни туристи, историчари, граѓани и слично. |
| **Одговорни наставници** | Наташа Аврамовиќ, Славе Ѓинковски, Кристина Цветаноска |
| **Раководители на екскурзијата** | Директорот на училиштето |
| **Време на реализација** | Април / Мај |
| **Правец на патувањето и локалитети за посета** | Споменикот Македониум и Мечкин камен во Крушево, како и Спомен куќата на Тоше Проески и Хераклеја. |
| **Техничка организација** | Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водич, лекар. |
| **Начин на финансирање** | Самофинансирање од страна на родителите. |

**ООУ„Д-р ВЛАДИМИР ПОЛЕЖИНОСКИ“- КИЧЕВО**

**П Р О Г Р А М А**

**За организација и изведување на еднодневна екскурзија за учениците од IX-то одделение за учебната 2022/2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Место на изведување на екскурзијата** | Западна и Источна Македонија |
| **Одделение** | IX одделение |
| **Број на ученици** | 54 |
| **Воспитно – образовни цели** | Развивање интерес за природата и градење еколошки навики; Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви; Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот; Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции; Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе; Изучување и истражување на објекти и појави во природата како |

| | |
|---|---|
| | и односите<br>во општествениот живот. |
| **Задачи** | Набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите, граѓани и други материјали; дегустација на народната кујна |
| **Содржини и активности** | Прибирање податоци и материјали со историски содржини од секој посебен објект; водење интервју со кустоси, странски и домашни туристи, историчари,<br>граѓани и слично. |
| **Одговорни наставници** | Ирена Мирчески, Марија Кузманоска и Драган Петрески |
| **Раководители на екскурзијата** | Директор |
| **Време на реализација** | Јуни |
| **Правец на патувањето и локалитети за посета** | Скопје – Куманово – Кочани (ноќевање во одморалиштето на Пониква) – Штип (посета на фабриката Баргала) – Радовиш (посета на црквата Св. Троица) – Струмица (ноќевање во Струмица) – посета на манастирот Водоча и Римската бања, Колешински водопади, Неготино – Кавадарци-Прилеп |
| **Техничка организација** | Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, безбедно, убаво и квалитетно сместување во хотел, туристички водич, лекар |
| **Начин на финансирање** | Самофинансирање од страна на родителите |

**Распоред на активностите по денови**

| **Прв ден** | **Втор ден** | **Трет ден** |
|---|---|---|
| -Поаѓање-8:00<br>-Скопје: посета на еден трговски центар<br>-Куманово<br>- Кочани: ручек – самофинансиран | - Тргнување за Штип<br>-Посета на фабриката Баргала<br>-Струмица: ручек, одмор, прошетка низ градот,<br>- вечера, културно-забавни | - Тргнување за манастир Водоча и Римската бања<br>- Ручек (самофинансиран)<br>- Неготино |

**ООУ„Д-р ВЛАДИМИР ПОЛЕЖИНОСКИ“- КИЧЕВО**
**Програма за организација и изведување на Настава во природа за учениците од V одделение**
**Учебна 2022/2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Место на изведување на** | Западна Македонија – Детско одморалиште |
| **Одделение** | V |
| **Број на ученици** | најмалку 50% од учениците (од вкупен број на ученици) |
| **Воспитно – образовни цели** | Во прилог |
| **Задачи** | Во прилог |
| **Содржини и активности** | Во прилог |
| **Одговорни наставници** | Анета Сарафилоска, Ирена Мирчески, Билјана Костески, Ангелина Цветаноска, Илчо Ѓорески |
| **Раководители на екскурзијата** | Славе Ѓинковски |
| **Време на реализација** | Месец април, мај |
| **Превец на патувањето** | Кичево – Охрид- Струга – Кичево |
| **Техничка организација** | Во прилог |
| **Начин на финансирање** | Самофинансирање од страна на родителите |

**ЦЕЛИ од планираната настава во природа:**

Да се запознаат учениците со природните убавини во Западниот дел на Македонија;
Да се прошират и продлабочат знаењата на учениците за културното наследство;
Да се развие свеста за негување и чување на културното богатство;
Да се поттикнуваат кон истражувачки активности;
Примена на знаењата и искуствата во секојдневниот живот;
Развивање на другарството меѓу учениците.

**Конкретни цели по наставни предмети:**

**Македонски јазик:**

Ученикот/ученичката

Да се оспособува за самостојно писмено изразување на своите впечатоци;
Да се поттикнува своите емоции да ги запише во стихови;
Да се оспособува да напише извештај за определен настан;
Да се оспособува да опишува предмет, природна појава, локалитет...

**Математика:**

Ученикот/ученичката

Да се оспособува да прибира податоци
Да се оспособува да претставува и чита податоци во табели и столбести дијаграми
Да се оспособува да ги користи мерките за должина во претставување на одалеченоста на посетените места ( да ги запишува , пресметува и споредува)

**Општество:**

Ученикот/ученичката

Да се запознае со природните убавини на својата татковина
Да се запознае со градби од минатото и сегашноста
Да се запознае со ископини и остатаоци од минатото

Да се запознае со споменици на култура (термии, музеи, археолошки локалитети, манастири..)

**Ликовно образование:**

Ученикот/ученичката

Да се оспособува ликовно да ги изразува своите впечатоци

Да се поттикнува да внесува повеќе детали при цртање од набљудување

**Музичко образование** Ученикот/ученичката

Да се запознае се народните песни карактеристични за Источниот дел на Македонија

Да се оспособи за пеење и свирење ( на блок флејта)

**Физичко и здравствено образование:**

Ученикот/ученичката

Да се оспособи за трчање по нерамен терен, во природни услови

Да се обучува за изведување штафетно трчање

**Творештво:**

Ученикот/ученичката

Да се оспособува за правилно пишување на честитка

**Задачи:**

***Образовни задачи:***

Развивање способност за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување разбирање на нивните меѓусебни врски и односи во природната и општествена средина.

Продлабочување, проширување и збогатување на искуството за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки и користење на современи педагошки форми и методи на работа.

***Воспитни задачи:***

Развивање љубов и почит кон татковината.

Со повеќедневен престој учениците да другаруваат, истражуваат, да се запознаат подобро, да го продлабочат другарството да развијат позитивни особини и навики за соживот и надминување на националните, социјалните и други разлики кои постојат меѓу нив.Да се негуваат и развиваат индивидуалната, тандемската и групната работа и позитивни навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста

Развивање на смислата за убавото, чување на природата, формирање на навики за организирано користење на слободното време

**Содржини: Македонски јазик : Изразување и творење**

Пишување стихови, водење дневник

Опишување по набљудување

Пишување извештај од конкретен настан

**Математика:**

**Работа со податоци**

Собирање податоци

Средување и претставување на податоци

Текстуални задачи со мерки за должина

**Ликовно образование:**

**Сликање**

Ликовни елементи во сликарството

**Цртање**

Цртање/ молив/мотив:слободен

**Ликовно образование:Слушање музика**

Народни песни- слушање музика

**Свирење на детски музички инструменти**

Свирење на блок флејта по нот

**Физичко и здравствено образование: Атлетика**

Примена на штафетно трчање

Совладување на основите за висок старт

**Активности:**

Запозавање со дел од културата, традицијата и историјата на Македонскиот народ во источниот дел на Македонија.

Живописна прошетка по бреговите на Дорјанското Езеро.

Следење на процесот на фабричко производство, конзервирање и преработка на зеленчук.

Разгледување на прекрасната природа и фотографирање на учениците за изработка на мал фото албум.

Самостојно писмено и ликовно изрзување на своите впечатоци.

Разгледување на фреските и иконите во манастирот Водоча.

Сликање на бреговите, плажите на Дојранското Езеро.

**Наставни методи:**

Метод на разговор

Дискусија

Анализа

Синтеза

Метод на практична работа

**Наставни форми:**

Групна

Индивидуална

Заедничка

**Наставни средства:**

Географска карта на РМ

Нема карта на РМ

Фото апарати

Блок

Пастели

Подлоги

**Распоред на активностите по денови**

| **Прв ден** | **Втор ден** | **Трет ден** | **Четврти ден** |
|---|---|---|---|
| -Поаѓање-7:30<br>-Охрид – Плаошник, Св. Софија и Канео<br>-Струга, мостот на поезијата | - Појадок<br>-Посета на Вевчански<br>- Прошетка низ Струга<br>- Ручек, | - Појадок<br>-Настава<br>-Прошетка покрај Охридското | -Појадок<br>-Настава<br>- Ручек<br>-Поаѓање -15:00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Сместување во детско одморалиште, одмор и ручек<br>-Настава<br>-Вечера<br>-Културно-забавни активности-<br>- Пижама парти<br>-Лична хигиена и спиење | - Одмор<br>-Настава<br>-Вечера<br>-Културно-забавни активности - Маскенбал<br>-Лична хигиена и спиење | -Ручек<br>-Посета на Биљанини извори<br>-Посета на тврдината на Цар Самоил<br>-Одмор<br>-Вечера<br>-Културно-забавни активности-<br>- Талент шоу<br>-Лична хигиена и спиење | - Пристигнување во Кичево во попладневните часови |

**Техничка организација:** висококвалитетен, климатизиран безбеден патнички автобус, квалитетни услови за сместување, туристички водачи, лекар, рекреатор.

**Предлог мени:**

| Појадок | Ручек | Вечера |
|---|---|---|
| Леб путер мед,<br>Житарици<br>со млеко<br>(мусли)<br>Омлет | Супа, телешка шницла, салата<br>Мусака, сезонска салата<br>Супа, пилешки стек со помфрит, салата<br>-Риба, салата, супа, благо | Макарони со сирење<br>Проја со јогурт<br>Шпагети со болоњезе сос |

## 12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари играат значајна улога во комплетниот развој на учениковата личност, во огромна мера ја зголемуваат мотивацијата и интересот на ученикот по одредени предмети и што е најзначајно го поттикнуваат натпреварувачкиот дух кај детето. Резултатите од активностите во клубовите и додатната настава ќе дојдат до израз токму со учеството на учениците во ученичките натпревари. Натпреварите ќе се организираат во неколку нивоа: училишни натпревари, општински, регионални и натпревари на државно ниво.

На првиот Наставнички совет директорот ќе ги соопшти одговорните наставници за организација и реализација на училишните натпревари за оваа учебна година во одделенска и предметна настава. Тој тим го сочинуваат следните наставници:

- Одделенска настава: Математика – Јулијана Петреска
  Природни науки – Сузана Марковска
  Општество – Весна Ширгоска
  Работа со компјутери - Кристина Митреска Дичоска
  Македонски јазик – Светлана Н. Костеска

- Предметна настава: Македонски јазик – Ангелина Цветаноска
  Математика – Милена Крстеска
  Англиски Јазик – Кармен Сарафилоска
  Француски јазик – Цветанка Камчева Сиљаноски
  Природни науки и биологија – Силвана Кирова
  Физика – Марија Кузманоска
  Хемија – Ѓинковски Славе
  Историја и граѓанско општество – Драган Петрески и Мито Јовески
  Географија – Гордана Тодороска
  ФЗО – Дијана Илијоска и Катерина Дојциноска
  Ликовно образование – Илчо Ѓорески
  Музичко образование – Кристина Цветаноска

Задачи на одговорните наставници и другите наставници кои со своите ученици ќе учествуваат на натпревари се:

-Одговорните наставници ги известуваат своите колеги за временската рамка на одржување на училишните натпревари со цел секој наставник да си направи план и избере ученици со кои ќе работи на додатна настава;

-Зависно од распоредот со временска рамка за организирање на општински,регионални и државни натпревари зададени од Акредитирани здруженија на наставници, одговорните наставници ги планираат училишните натпревари;

-Ученици кои покажале високо ниво на стекнати знаења, умеења и вештини и ученици кои се надарени или талентирани за одредена област се рангираат на училишни

натпревари и се подготвуваат за општински натпревари и понатаму за регионални и државни;

-Натпреварите во училиштето го збогатуваат наставниот процес, го подобруваат квалитетот на наставата, потикнуваат натпреварувачки дух кај децата,додека наставниците го подобруваат квалитетот на наставата,заемно соработуваат и професионално напредуваат;

-Промовирање на работата на училиштето пошироко;

На училишните натпревари можат да учествуваат сите ученици кои покажуваат подобри резултати во ВОП или се надарени или талентирани за одредена област.

Начин на финансирање:

За општинските натпревари регионални и државни натпревари сите трошоци ги покрива училиштето.

***Преглед на структурата и видовите на натпревари и конкурси и динамиката на реализацијата во учебната 2022/2023 година***

| **Видови натпревари и Конкурси** | **Институции** | **Динамика** |
|---|---|---|
| Училишни натпревари | ООУ,,Д-р Владимир Полежиноски“- Кичево | Септември - јуни |
| Ликовни натпревари | 1.Противпожарен дом<br>2.МВР - Кичево<br>3.Еколошки друштва<br>4.Основни училишта | Учебна 2022/23 год. |
| Општински и државни натпревари на знаења | 1.Биро за развој на образованието<br>2.Приватно средно училиште - Јахја Кемал<br>3.Друштво на биолози, хемичари, математичари, физичари, историчари.....<br>4.Филозофски факултет<br>5.Природно-математички факултет<br>6.Црвен крст на Р.М. | Септември - јуни |
| Млади техничари | 1.Народна техника | Март - мај |
| Музички натпревари | 1.Биро за развој на образованието | Септември - јуни |
| Спортски натпревари | 1.Федерација на училишен спорт на Р.Македонија<br>2.Агенција за млади и спорт<br>3.МОН | Учебна 2022/23 год. |
| Литературни натпревари | 1.Библиотека– Кочо Рацин<br>2.Основни училишта<br>3.Еколошки друштва | Учебна 2022/23 год. |

### План на натпревари

| Планирана активност | Време | Реализатор | За кого ќе се реализира | Ресурси | Очекувани цели и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на реализација на училишни натпревари | Септември | Одговорен наставник | Предметни наставници и ученици од V - IX одд. | Изготвување план и распоред по наставни предмети | Успешна реализација на училишните натпревари |
| Истакнување на план на огласна табла | Октомври | Одговорен наставник | Предметни наставници и ученици од V - IX одд | План и распоред по предмети | Транспарентност и навременост во информирањето |
| Дополнителни менторски активности за подготовка на учениците | Октомври | Предметен наставник | Предметни наставници и ученици од V – IX одд | Дополнителни материјали од наставниот предмет | Продлабочување на знаењата и вештините на учениците и стекнување на пошироки сознанија |
| Непосредно информирање за одржување на натпреварите | Ноември–декември (два дена пред одржување на натпреварот по одредена дисциплина) | Стручна служба | Ученици од V – IX одд | Тетратка за соопштенија | Навремено информирање и транспарентност со цел побројно учество |
| Спроведување на училишните натпревари | Ноември-декември | Комисија од предметни наставници | Ученици од V – IX одд | Стандардизира - ни тестови | Избор на нај талентираните ученици кои ќе одат на натпревар од повисок ранг |
| Истакнување на резултати | Ноември – декември (најдоцна една седмица по одржаниот натпревар) | Комисија од предметни наставници, одговорен наставник | Предметни наставници и ученици од V - IX одд | Ранг листи истакнати на огласна табла,изготвен записник од одржаниот натпревар | Транспарентност и навременост во соопштувањето на резултатите |
| Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг (општински и државни натпревари) | Во текот на второто полугодие | Предметни наставници и пласирани наставници | Предметни наставници и пласирани наставници, одговорен наставник | Папка по секој предмет во која се бележат активностит е, материјали те и подготвите | Редовност во извршувањето на подготовките за подобра подготвеност на учениците на престојните натпревари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | лните вежби | |
| Спроведување на натпревари од повисок ранг (општински и државни) | Во текот на второто полугодие | Организатор на натпреварот, предметни наставници и пласирани ученици | Предметни наставници и пласирани ученици | Тестови со задачи на повисоко ниво на знаење | Учество и афирмација на учениците учесници |
| Собирање на резултати од одржаните натпревари | Во текот на второто полугодие | Одговорен наставник | Предметни наставници и Стручна служба | Ранг листи и извештаи од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |
| Анализа на резултатите од одржаните натпревари | Јуни | Одговорен наставник | Предметни наставници и Стручна служба | Ранг листи и извештаи од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |
| Презентација на извештајот од одржаните натпревари | Јули | Одговорен наставник | Наставници и стручна служба | Ранг листи и извештаи од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

ВОВЕД: Годишната програма за работа на училишниот тим за мултикултурализам/интеркултурализам и меѓуетничката интеграција во училиштето (СИТ) е изготвена врз основа на глобалната и развојните цели на Програма за развој за имплементација на концептот на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО) и унапредување до процес на унапредување на мултикултурализам и меѓуетничка интеграција во работата на ООУ „Владимир Полежиноски“- Кичево .

Може да се констатира дека досегашните постигања во унапредување на мултикултурното и мултиетничко учење, во нашето училиште, го надминуваат МИО концептот како проект и го наметнуваат како процес, заради тоа што:

- Поттикнавме развој на позитивни чувства кон заедничка работа, постигања и потреба од продлабочување на соработка.
- Јазичната бариера ја надминуваме со користење на универзалниот јазик на креативно творење и изразување.
- Го унапредивме меѓусебното почитување и воспоставивме интерперсонална комуникација со припадници на друга етничка заедница

- Оствaривме ефикасна и кооперативна размена на согледувања и идеи за подобрување на соработката меѓу училиштата кај поголем бројнаставници, ученици и родители
- Презентиравме заедништво, толеранција, потреба од надминување на стереотипи, меѓусебно дружење и продуцирaвме нови идеи за соработка.

И оваа учебна година во нашето училиште ќе продолжи да се реализира Проектот МИО во македонскиот образовен систем. Сите наставници ќе бидат вклучени во проектот преку одржување на часови и разни активности со континуирана помош на директорот и стручната служба.

Во проектот покрај учениците и наставниците ќе бидат вклучени и родители од разни етникуми.

Средствата за реализација на активностите се одбезбедуваат од буџетот на Р.С Македнија, буџетите на општините и од други извори: донации, легати, подароци и друго, а се користат наменски.

**ПЛАН ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

Список на членови во МИО тим за училишна интеграција :

- Горан Карафилски - Директор
- Мито Јовески – наставник координатор
- Силвана Кирова - наставник
- Татјана Костеска – педагог
- Марија Попоска - социолог
- Марија Кузманоска -наставник
- Гордана Димитријеска - наставник
- Соња Миладиноска – наставник

| **Глобални активности** | **Очекуван резултат/продукт** | **(пред)услови** | **реализатори** | **термин (од/до)** |
|---|---|---|---|---|
| Планирање најмалку 5 Работилници од ОЖВ | Планирање и селекција на 5 работилници од прирачниците за ОЖВ<br>• Интерперсонални односи<br>• Општествени односи | Се избираат работилници преку кои:<br>-Учениците се оспособуваат да ги прифаќаат различностите меѓу луѓето ( од | Одделенски раководители од II-IX | Септември Октомври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | • Односи со другите<br>• Одговорно граѓанство<br>• Прирачник со мултикултурни работилници http://mk.pmio.mk/ | аспект на физички изглед,способности и потекло)<br>-Да ги препознаваат сопствените стереотипи и предрасуди<br>-Да ги идентификуваат причините за конфликти и да ги препознаваат чувствата што се јавуваат кај другите во конфликтна ситуација<br>-Ненасилна комуникација<br>- Да можат да се спротивстават на различни облици на дискриминација | | |
| Спроведување на испланираните самостојни активности за меѓуетничка интеграција во училиштето работилници | Изготвени подготовки – спроведени активности од самостојните активности и ученички трудови,фотогрфии,извештаи во професионалните портфолиа на наставниците | -Наставниците ги спроведуваат испланираните часови со учениците | Одделенски раководители Од II –IX одделение и учениците | Септември -Јуни |
| Редовни Состаноци на тимот | Извештаи од одржани состаноци | -Одржување редовна комуникација и состаноци | СИТ, Директор | Септември -Јуни |
| Планирање на конкретните заеднички активности | Акционен план на заеднички активности<br>Формирање тимови | -Продолжување на соработката од минатата година | Тимовите за интеграција од партнер училиштата Ученици,наст | Октомври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Со партнер училиштето ОУ„ Милто Гура„ с. Стрелци | | | авници родители | |
| Спроведување на испланираните заеднички активности | Спроведени активности од заеднички активности (акционен план) и фотогрфии,извештаи во портфолиа на наставниците | - Портфолија од самостојни и заеднички активности | СИТ ,Директор | Октомври - Јуни |
| Промоција на реализираните активности | • Најмалку еден промотивен настан на училишно ниво за презентација на активностите пред управата, наставниците, учениците, родителите и преставници од општината | -Подготвен промотивен материјал (постери, брошури/или други материјали) што го прикажуваат процесот и продуктот од реализираните активности<br><br>-Поканети гости на настанот | СИТ Ученици Родители Гости од проектот, општината, медиуми и родители од советот (приредба и коктел) | Септември - Јуни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Планирање за одржување на квизот / дебатата | Одредување на место и време за реализација<br>Формирање на мешани тимови со партнер училиштето | Се покануваат родители, новинари, локална заедница | Тимови од ученици од двете училишта и наставници реализатори СИТ тим,советник за образование од општините | Март |
| Завршна активност<br>Реализација на квиз/ дебата | Се реализира II – VII квиз ,,Заедно учиме‘‘<br>VIII – IX Дебата ,,Образованието | Планирање на изведување на заклучоци | Тимови од ученици од двете училишта и наставници реализатори СИТ тим,советник | Април Мај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | врата кон успехот“ | | за образование од општините | |
| Евалвација на активностите | Собирање на продуктите од активностите,фотографии анкетирање (со помош на прашалник) или фокус групни дискусии | Се документираат активностите | Тимови од ученици од двете училишта и наставници реализатори СИТ тим,советник за образование од општините | Мај Јуни |

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

ООУ „Владимир Полежиноски“ – Кичево е препознатливо во општината и пошироко како училиште со успешно проектно работење.

Во учебна 2022/2023 година ќе продолжат да се реализираат следниве проекти:

1. **ПРОЕКТ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО**
   – одговорен наставник Јовески Мито
2. **ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ**
   – одговорен наставник Силвана Кирова
3. **ПРОЕКТ „МАКЕДОНИЈА ЗЕМЈА НА СОНЦЕТО, ОВОШЈЕТО, ЗЕЛЕНЧУКОТ И ЛЕКОВИТИ БИЛКИ“**

**I ФАЗА ,,ЗДРАВА ИСХРАНА ЗА ДЕЦАТА ВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ,,**
- одговорен наставник I одд. Дијана Петреска

| | |
|---|---|
| **Цели** | -Поттикнување на интересот кај децата за здрава и правилна исхрана<br>-Доближување на важноста на здравата храна за најмладите, здрави навики,<br>-да се поттикнат да истражуваат со какви витамини се богати и за што се се употребуваат<br>- Поттикнување на интеракцијата и соработката меѓу ученици, родители и наставници<br>-Поттикнување на учениците за истражувачки |

| | | |
|---|---|---|
| | активности и изработка на прзентации и проекти | |
| **Реализатори** | - Учениците од I и II одд и одделенските наставници | |
| **Временска рамка** | - секој последен четврток во месецот. | |
| **Ефекти** | - Исполнување на слободното време со креативни и полезни активности<br>- Развивање љубов кон лековитите билки, овошјето,зеленчукот<br>- Дружење и соработка со родители и ученици<br>- Мотивираност од нутрицинист за редовно консумирање на здрава храна и напитоци | |
| **Активност** | **Реализатор** | **Време** |
| 1. Информативна средба со учениците и собирање податоци за понатамошната работа | Ученици од I и II одд одд.и одд.наставници | Септември |
| 2. Секјдневно внесување здрава храна-што е здраво да се јаде, а што да се исфрли од исхраната | Ученици од I и II одд одд.и одд.наставници | Октомври |
| 3. Креативна работилница,,зимницата на баба,, -подготвување | Ученици од I и II одд одд.и одд.наставници | Ноември |
| 4. Креативна работилница:готвиме ,дегустираме,се забавуваме:,,Доброто здравје почнува од добрата исхрана, | Ученици од I и II одд одд.и одд.наставници | Декември |
| 5. Совети !- како правилно да се храниме! | Одговорни одд.наставници<br>Ученици од I и II одд | Јануари |
| 6. Дегустација! Напитоци подготвени со овесни мусли! | Одговорни одд.наставници<br>Ученици од I и II одд | Февруари |

| | | |
|---|---|---|
| 7. Истражуваме: Витамините ,одржувачи на добро здравје и заштитник од болести. | Одговорни одд.наставници<br>Ученици од I и II одд | Март |
| 8. Истражуваме :Што е органска храна? | Одговорни одд.наставници<br>Ученици од I и II одд | Април |
| 9. Зошто ни е важна водата? | Одговорни одд.наставници<br>Ученици I и II одд | Мај |
| 10. Презентација ,,Здрави рецепти“ за квалитетна исхрана кај децата пред родителите | Одговорни одд.наставници<br>Ученици од I и II одд | Јуни |

**II ФАЗА ,,ЗАСАДИ РАСТЕНИЕ-ЗАСАДИ ЖИВОТ“**
**– одговорен наставник II одд. Снежана Јованоска**

| | |
|---|---|
| **Цели** | - Да се подигне еколошката свест кај учениците<br>- Да се развива чувството за естетско уредување<br>- Да се го воочат процесот на ртење, растење, правење расад,засадување и одгледување на растенијата<br>- Да се грижат за растенијата, да се нудат решенија<br>- Да се поттикнува тимската работа и почитување кај младите<br>- Да се зајакнува соработката со родителите |
| **Реализатори** | - Ученици од II одделение, одговорни наставници и родители |
| **Временска рамка** | - Проектот ќе се реализира во период од 10 месеци, во текот на учебната 2022/2023 година |
| **Ефекти** | - повисока еколошка свест кај учениците,<br>- пријатна средина за престој на учениците во училишнит двор,<br>- потикнување на сите ученици во училиштето на еколошка активност,<br>- поголема соработка со родителите. |

| **Активност** | **Реализатор** | **Време** |
|---|---|---|
| Договор со учениците, родителите, наставниците и училиштето за набавка на | Одговорни наставници<br>Учениците од II одд. и родители | Септември 2022 |

| | | |
|---|---|---|
| земја, определување на задолженијата и формирање на работни групи од учениците од II одд. | | |
| Теоретско предавање за учениците од II за процесот на правење на расад од семе и објаснување на учениците за постапките на засадувањето на садниците ( со помош на презентација). | Одговорни наставници<br>Учениците од II одд. | Октомври 2022 |
| Збогатување на земјата во жардињерите со хумус и засадување на садниците од страна на учениците II-1, 2, 3 | Одговорни наставници<br>Учениците од II одд. | Октомври 2022 |
| Изработка на еко пароли за заштита на садниците и нивно пластифицирање и поставување во жардињерите, секојдневно полевање на садниците | Одговорни наставници<br>Учениците од II одд. | Октомври 2022 |
| Засадување на семето, секојдневно набљудување, полевање и бележење на промените, проретчување на расадот и оставање на најдобрите садници | Одговорни наставници<br>Учениците од II одд. | Март 2023 |
| Збогатување на земјата со хумус, засадување на цветниот расад, од десната страна на платото, засадување на градинарскиот расад, од левата страна на платото | Одговорни наставници<br>Учениците од II одд. | Мај 2023 |
| Бележење и фотографирање на сите промени кои настануваат со растот на културите, обновување на еко патролите | Одговорни наставници<br>Учениците од II одд. | Во текот на целиот процес |
| Берење на плодовите од културите и презентирање на | Одговорни наставници<br>Учениците од II одд. | Јуни 2023 |

| | | |
|---|---|---|
| проектот пред родителите. | | |

**4. ПРОЕКТ – ,,ПОЧИТУВАМ И СОВЕТУВАМ“**

**- одговорен наставник III одд. Анета Сарафилоска**

| | |
|---|---|
| **Цели** | - Да се стекнуваат културни навики<br>- Да се вклучат учениците во донесување на правила<br>- Да се подигне еколошката свест кај учениците<br>- Да се оспособат учениците да презентираат<br>- Да се поттикнува тимската работа и почитување<br>- Да се поттикнуваат своите знаења да ги пренесуваат на другите ученици<br>- Да се зајакнува соработката со родителите |
| **Реализатори** | - Ученици од III одд. одговорни наставници и родители |
| **Временска рамка** | - Проектот ќе се реализира во период од 9 месеци, во текот на учебната 2022/2023 година |
| **Ефекти** | - повисока еколошка свест кај учениците,<br>- пријатна средина за престој и учење,<br>- поголема взаемна соработка и почит помеѓу учениците и сите вработени во училиштето,<br>- поголема соработка со родителите. |

| **Активност** | **Реализатор** | **Време** |
|---|---|---|
| Запознавање на учениците, родителите, наставниците со целите на проектнта активност и формирање на работни групи од учениците III одделение, | Одговорни наставници<br><br>Учениците од III одд | Септември |
| Давање задолженија за секоја од групите - ,,Убаво однесување во училница“- ( по едно правило за секоја група) и донесување на одлука на групата како ќе ја реализира дадената задача и изготвување на плакат. | Одговорни наставници<br><br>Учениците од III одд | Септември |
| Презентирање на сработеното од групата во рамките на одделението | Одговорни наставници<br>Учениците од III одд | Октомври |
| Презентирање на | Одговорни наставници | Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| сработеното од групите во сите одделенија и дополнување со идеи од учениците од останатите одделенија. | Ученици I, II, III, IV и V одд. | |
| Формирање на нови тимови од ученици со нови задолженија – ,,Соодветно однесување во училишниот двор“ | Одговорни наставници<br>Ученици од III одд. | Февруари |
| Презентирање на сработеното од групата во рамките на одделението - ,,Соодветно однесување во училишниот двор и изработка на плакат. | Одговорни наставници<br>Ученици од I, II, III, IV и V одд. | Март |
| Презентирање на сработеното од групите во сите одделенија и дополнување со идеи од учениците од останатите одделенија. | Одговорни наставници<br>Ученици од I, II, III, IV и V одд. | Март |
| Прибирање на изработките по одделенија и изработка на заеднички плакат од заеднички донесените правила на однесување во училница и училишен двор | Одговорни .наставници<br><br>Ученици I, II, III, IV и V одд. | Април |
| Истакнување на правилата заедно со фотографиите од активностите на видно место и презентирање на проектот пред родителите. | Одговорни наставници<br><br>Ученици I, II, III, IV и V одд. | Мај/Јуни |

**5. ПРОЕКТ-,,ЗАЕДНИЧКА ГРИЖА ЗА ПРАВИЛНО НАСОЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ„ – Одговорни наставници: од IV-одд. Ирена Илиоска и V-одд. Светлана Н. Костеска**

| | |
|---|---|
| Цели | -да се подигне хуманата свест кај учениците<br>-да се поттикнува и развива љубовта кон книгата и читањето |

| | |
|---|---|
| | -да се усовршува техниката на читањето и разбирањето со критичко размислување<br>-стекнување позитивен однос кон книгата<br>-да се поттикнуваат своите знаења да ги споделуваат со другите ученици<br>-да се поттикнува тимската работа и меѓусебно почитување<br>-да се зајакнува соработката со родителите |
| Реализатори | Ученици од **IV и V** одделение, одделенски наставници |
| Временска рамка | Септември 2022-јуни 2023, во текот на учебната 2022/23 год. |
| Ефекти | -повисока хумана свест<br>-збогатување на училишната библиотека<br>-зголемен интерес за воннаставно читање<br>-подобрување на јазичната писменост<br>-поголема соработка со родителите |

**АКТИВНОСТ: ,,ЈАС ПРОЧИТАВ-ПРОЧИТАЈ И ТИ,,-** Одговорни наставници: **IV и V** одд.

| **Активност** | **Реализатори** | **Време** |
|---|---|---|
| 1.Запознавање на учениците и родителите и договор за реализација | - Ирена Илиоска<br>- Ирена Алексова<br>- Малина Петреска<br>- Јулијана Петреска<br>- Весна Ширгоска<br>- Светлана Н. Костеска | септември 2022 |
| 2.Донирање/позајмување детска литература | Одговорни наставници<br>Ученици **IV и V** одд. | октомври,ноември 2022 |
| 3.Формирање заедничка библиотека за **IV и V** | Одговорни наставници<br>Ученици од **IV и V** одд | декември 2022 |
| 4.Договор за начинот на позајмување и читање на книги | Одговорни наставници<br>Ученици од **IV и V** одд | февруари 2023 |
| 5.Разменување на искуства,, Јас прочитав-прочитај и ти,, | Одговорни наставници<br>Ученици од **IV и V** одд | март,април 2023 |
| 6.Промовирање и донирање на книгите на | Одговорни наставници<br>Ученици од **IV и V** одд | мај 2023 |

| | | |
|---|---|---|
| училишната библиотека | | |
| 7.Презантирање на реализираните активности од проектот пред родителите | Одговорни наставници<br>Ученици од **IV и V** одд | мај –јуни 2023 |

**6. ПРОЕКТ „СО ЧИТАЊЕ СЕ РАСТЕ“**
**– одговорни наставници: Ирена Мирчески, Анѓелина Цветаноска и Биљана Костески**

| | |
|---|---|
| Цели | -да се подигне хуманата свест кај учениците<br>-да се поттикнува и развива љубовта кон книгата и читањето<br>- да се поттикне желбата за истражувачка работа<br>-да се усовршува техниката на читањето и разбирањето со критичко размислување<br>-стекнување позитивен однос кон книгата<br>-да се поттикнуваат своите знаења да ги споделуваат со другите ученици<br>- да се поттикне креативноста на учениците<br>-да се поттикнува тимската работа и меѓусебно почитување<br>-да се зајакнува соработката со родителите |
| Реализатори | Ученици од V до IX одделение, предметни наставници |
| Временска рамка | Септември 2022 - јуни 2023, во текот на цела учебна година |
| Ефекти | -повисока хумана свест<br>-збогатување на училишната библиотека<br>-зголемен интерес за вонаставно читање<br>-подобрување на јазичната писменост<br>-поголема соработка со родителите |

**7. ПРОЕКТ „УЧАМ ДА БИДАМ ЛИДЕР“**

**СТЕКНУВАЊЕ И РАЗВИВАЊЕ ВЕШТИНИ, УМЕЕЊА И ЛИЧЕН РАЗВОЈ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ“**

**- Одговорни за проектот: директор и педагог**

- ОПШТА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА:

Успешни ученици, успешни млади луѓе.

Успешноста води кон личен развој, а личниот кон општествен, што е и главна цел. За успешноста на младиот човек потребно е стекнување на емоционални вештини важни за неговиот развој, тие да бидат поврзани во една целина на начин кој позитивно ќе влијае на неговиот развој со можност успешно да се справи со предизвиците на социјалната и општествената средина.

ВОЗРАСТ 10 - 17 години (од V-IX одделение)



ТЕМА 1 : КОЈ СУМ ЈАС?

Цел на обуката:

- развивање на позитивна слика за себе;
- откривање на силните страни и развивање на слабите страни.

Теми на обуката:

1. Кој сум јас
2. Како ме гледаат другите
3. Градење на личен интегритет
4. Вежби и активности



Очекувани резултати:

- достоинствена личност
- одговорна личност



Предавач: Карафилоски Горан - директор

ТЕМА 2: КАКО ДА УЧАМ И ДА ПОСТИГНАМ РЕЗУЛТАТИ ?

Цел на обуката:

- Да се подобри концентрацијата и памтењето

- Да научат како да учат со примена на различни техники и методи на учење
- да научат квалитетно и ефективно да го организираат сопственото време.

Теми на обуката:



1. Биди организиран
2. Следи ги инструкциите
3. Користи соодветни извори на информации
4. Нотирај земи прибелешки
5. Видови на учење
6. Вежби

Очекувани резултати:
- Стекнување на вештини за применување на различни стилови и техники на учење
- Оспособување за организирање на сопственото време

Предавач: Костеска Татјана - Педагог



ТЕМА 3: КАКО ДА СТЕКНАМ САМОДОВЕРБА

Цел на обуката:
- Градење на свесност за сопствените вредности
- Подигнување на свесност за поседување на личен потенцијал и моќ

Теми на обуката:
1. Како да стекнеш самодоверба
2. Како се гради и како се урива самодовербата
3. Не се споредувај со други
4. Вежби



Очекувани резултати:
- себепознавање
- свесност за личната улога во градењето на самодовербата

Предавач: Карафилоски Горан - директор

ТЕМА 4: РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

Цел на обуката:
- Да се стекнат вештини да го откријат и дефинираат проблемот
- Да се научи да се справува со проблемите
- Да се најде начин за решавање на проблемот

Теми на обуката:
1. Дефинирање на проблемот
2. Препознавање на начин за негово решавање
3. Решавање на проблемот
4. Вежби

Очекувани резултати:
- Идентификување на воочување на постоење на проблемот
- Умешност за пронаоѓање на начин и стратегии за решавање и надминување на проблемите

Предавач: Костеска Татјана – Педагог

ТЕМА 5: ПОЧИТ КОН ДРУГИТЕ

Цели на обуката:
- да се оспособат позитивно да комунициараат
- Да разберат дека со отворени разговори секогаш се наоѓа решение

Теми на обуката:
1. Другарите и непознатите
2. Релација со родителите
3. Дали ги почитувам останатите
4. Прилагодено однесување
5. Вежби

Очекувани резултати :
-пријателски, учтиви и љубезни манири на однесување;
- иницирање на отворена комуникација со родителите;
- стекнување на вештини за емпатија и сочувство со другите.

Предавач: Карафилоски Горан – директор

**8. ПРОЕКТ „ВЕЛО УЧИЛИШТА“-** во соработка со Секторот за образование на општина Кичево има за цел да го промовира велосипедизмот како безбеден, здрав и алтернативен начин на превоз за учениците. Одговорен за проектот, Славица Блажеска.

**9. ПРОЕКТ „SLOW FOOD“ УЧИЛИШТА -** Слоу Фуд Водно, е непрофитна организација која

промовира добра, чиста и правична храна и ја поддржува локалната занаетчиска гастрономија. Одговорен на проектот, Драган Петрески.

**10. ЕРАЗМУС + ПРОЕКТИ** Во училиштето се реализираат и Проекти од Еразмус + програмата во соработка со Националната агеција за европски образовни програми и моблност и тоа:

- „**Инклузија на ученици со потешкотии во учењето во образовниот процес“ *(Inclusion of students with learning disorders in education).*** Во проектот учествува само нашето училиште.
  *Одговорен наставник Горан Карафилоски;*

- **„Емпатија за разбирањето и толеранцијата за туѓите грешки**“ ***(Empathy for understanding and tolerance for others mistakes“)***. Земји учеснички во проектот: Р.С. Македонија, Словенија, Италија, Романија.
  *Одговорен наставник: Славица Блажеска;*

- **„Здрава планета = здрав живот“ *(Healthy planet=healthy life).*** Земји учеснички во проектот: Р.С. Македонија, Полска, Кипар и Романија.
  *Одговорен наставник: Славица Блажеска.*

- **„Нашите разлики се наше богатство“ *(Our differences are our rich)***. Земји учеснички во проектот: Р.С. Македонија, Романија, Литванија, Турција и Србија.
  *Одговорен наставник: Славица Блажеска.*

- **„Сплотени заедно за подобар свет“ *(Lets join the hands for the better world).*** Земји учеснички во проектот: Р.С. Македонија, Грција и Турција.
  *Одговорен наставник: Славица Блажеска.*

- **„Предизвик за здрав живот“ *(A challenge to a healthy life)***. Земји учеснички во проектот: Р.С. Македонија, Турција, Италија, Романија, Словачка и Хрватска.
  *Одговорен наставник: Анѓелина Цветаноска.*

- **„Движи се за зелена планета“ *(Go green).*** Земји учеснички во проектот: Р.С. Македонија и Шпанија.
  *Одговорен наставник: Кочо Томески.*

# 15. Поддршка на учениците

## 15.1. Постигнување на учениците

| Наставни Предмети | Успех по паралелки | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| Македонски јазик | 4,52 | 4,63 | 4,49 | 4,45 | 4,58 | 4,69 |
| Математика | 4,46 | 4,47 | 3,81 | 3,96 | 4,23 | 4,15 |
| Англиски јазик | 4,40 | 4,57 | 4,24 | 4,24 | 4,34 | 4,48 |
| Француски јазик | | | 4,22 | 4,43 | 4,42 | 4,54 |
| Ликовно образование | 4,91 | 4,80 | 4,86 | 4,83 | 4,88 | 4,87 |
| Музичко образование | 4,72 | 4,77 | 4,81 | 4.48 | 4,73 | 4,76 |
| Природни науки | 4,30 | 4,61 | 4,53 | | | |
| Техничко образование | | 4,72 | 4,84 | | | |
| Техничко образование и информатика | 4,87 | | | | | |
| Општество | | 4,56 | | | | |
| Историја и Општество | 4,62 | | | | | |
| Информатика | | | 4,83 | 4,73 | | |
| Географија | | | 4,47 | 4,19 | 4,58 | 4,45 |
| Историја | | | 4,04 | 4,12 | 4,33 | 4,27 |
| Етика | | | | 5,00 | | |
| Граѓанско образование | | | | | 4,86 | 5,00 |
| Биологија | | | | 4,64 | 4,38 | 4,33 |
| Физика | | | | | 3,93 | 4,44 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хемија | | | | | 4,20 | 4,07 |
| Иновации | | | | | | 5,00 |
| ФЗО | 5,00 | 4,94 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Работа со компјутери и основи на програмирањето | | 4,73 | | | | |
| Изборни предмети | | | | | | |
| Творештво | | 4,78 | | | | |
| Заштита на животната средина | 4,87 | | | | | |
| Спорт – одбојка | 5,00 | | | | | |
| Класична култура на Европската цивилизација | | | 5,00 | | | |
| Изборен спорт | | | | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Истражување на родниот крај | | | | 4,80 | | |
| Унапредување на здравјето | | | | 5,00 | 4,93 | |
| Проекти од информатиката | | | | | | 4,98 |

Постигањата на учениците во континуитет се следат и евидентираат и истите се предмет на квартални и годишни извештаи за работа на училиштето, при тоа се изработуваат и компаративни анализи кои што се појдовна основа за планирање на понатамошни активности се со цел подобрување на успех, редовност и поведение на ученици како и детектирање на специфични случаеви на ученици за кои ќе се планираат индивидуалнизирани активности за превенција на асоцијално и девијантно однесување. Во текот на целата учебна година ќе се следат постигнувањата на учениците, нивната редовност и поведение, ќе се прави анализа на успехот по предмети, за учениците кои постигнуваат послаби резултати ќе се организира дополнителна настава. Ќе се идентификуваат и надарените ученици за кои ќе се организира додатна настава каде учениците ќе ги продлабочуваат и прошируваат веќе стекнатите знаења. Исто така ќе се идентификуваат и учениците

кои имаат потешкотии во учењето, со нив стручните соработници ќе обавуваат советодавни разговори и ќе ги упатуваат на ефикасни техники за учење и стекнување на работни навики.

## Програма за подобрување на постигањата на учениците

| **АКТИВНОСТИ** | **ОДГОВОРНИ ЛИЦА** | **ФОРМИ И МЕТОДИ НА МОТИВАЦИЈА** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** |
|---|---|---|---|
| Редовно следење на редовната,дополнителната, додатната настава и вон наставните активности | Педагог<br>Директор | Посета на часови<br>Увид во сите видови планирања<br>Разговор и анкети со учениците и наставниците | Во текот на целата учебна година |
| Задавање,следење, проверување и вреднување на училишни и домашните задачи | Одделенските и предметните наставници | Писмени, усмени и практични училишни и домашни задачи<br>Евидентирање на истите | Во текот на целата учебна година |
| Советодавна работа со учениците | Наставници<br>Педагог | Работилници и разговори-индивидуални или групни | По потреба |
| Организирање на училишни натпревари | Наставници<br>Директор | Квизови, игри (групни, индивидуални) | Второ полугодие |
| Пофалби и наградување на учениците | Директор, Наставници, Педагог | Благодарници, пофалници, награди ( книги...) | На одделенски и наставнички совети, на манифестации, ден на училиштето и сл. |

**Училиштето има изготвено процедура за откривање и грижа за учениците со потешкотии во учењето:**

На почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите

**Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето**

| Конкретна цел | Активности | Вклучени субјекти | Инструменти и техники | Временск рамка | Индикатор и на успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификациј а на ученици со потешкотии во учењето | Формирање на тим за соработка со наставници | Ученици<br>Наставници<br>Стручна служба<br>Родители | Тестови за општи интелектуални способности<br>Проективни техники | Во текот на цела учебна година | Формиран тим кој ке работи за надминување на тешкотиите во учењето |
| Откривање на проблемот кај конкретен ученик и работа со ученикот преку примена на соодветни техники и методи соодветни на неговите способности и можности.<br>Изготвување на програма за индивидуална поддршка на ученикот | Добивање информации за постигањата и потешкотиите кои ги има ученикот .<br>Активности соодветни на потребите на ученикот | Наставници<br>Стручна Служба<br>Родители | Белешки од наставникот, искази од родители, резултати од тестови<br>Водење на ученичко досие за следење на напредокот | Континуир ано во текот на учебната година | Откриени проблеми и потешкотии кај учениците<br>Соработка со учениците, наставниците и родителите за нивно надминување<br>Изработка на инструменти и примена на техники за надминување на потешкотиите во учењето<br>Водење на документација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Постигнување на соодветен успех кај ученикот<br>Советодавно-консултативна работа сородителот на ученикот (насоки за работа во домашни услови) | Следење на протоколот за работа<br>Одредување на методи за работа<br>Континуирано соработување со сите субјекти<br>Редовно реализирање на зададените активности на ученикот<br>Проверување на постигањето | Ученик<br>Наставници<br>Стручна служба<br>Родители | Примена на техники за учење, наставни средства и помагала<br>Чек листи<br>Наставни ливчиња<br>Белешки од наставници | Континуирано додека има потреба | Совладаност на поставените цели по предмети<br>Надминување на потешкотиите при учењето |

Тим за поддршка:

Татјана Костеска - педагог
Славица Буреска – психолог
Марија Попоска - социолог

Училиштето посветува внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците како преку редовната настава така и преку медиумите, веб страната на училиштето и преку социланите мрежи. Училиштето креира политики за поттикнување на наставниците и учениците за учество во поголем број на натпревати на локално, регонално и државно ниво.

Согласно Законот за основно образование се спроведува следата процедура за наградување ученици:

- пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;

-ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и

редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);

-предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет;

-на ученикот му се доделува пофалба во вид на благодарница или пофалница;

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Тим за професионална ориентација:

- Директорот на училиштето Горан Карафилоски,
- Стручни соработници: Татјана Костеска, Славица Буреска и Марија Попоска,
- Претставник од одделенските раководители од деветто одделение Ирена Мирчески.

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професи, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија.

Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и желбите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Во соработка со Советот на родители, се организираат средби со родители кои имаат различни и специфични занимања. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот и пошироко кои преку флаери, предавања, презентации имаат дирекни претставувања пред учениците со што подирекно ќе ги

запознаат со насоките и занимањата кои ги нудат, со условите и критеирумите за упис во средно образование. Кај одредени училишта со кои нашето училиште има долгогодишна и успешна соработка ќе се направат напори и за дирекна посета на наши ученици и поблиско запознавање со наставниот процес. Сите овие активности ќе бидат иницирани од страна на Тимот за професионална ориентација, а со помош и поддршка на одделенските раководители на учениците од деветто одделение, Наставничкиот совет, Советот на родители и сите оние субјекти чија помош ќе биде добредојдена.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

### Превентивни програми

За промоција на добросостојбата на учениицте, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација во учебната 2022-2023 година ќе се реализираат неколку активности: едукативни работилници со родители, ученици и наставници, вклучување на стручни лица за определени области за дејствување, заеднички посети надвор од училиштето, зголемена соработка со невладини органиизации за спречување на насилство и дискриминација.

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави.

Во соработка со релевантни институции во поблиската и пошироката околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство. Во училиштето се покануваат експерти за соодветна проблематика (претставници од МВР-Отсек превенција). Се планираат активности во училиштето како што се: јавни дебати, изработување на кодекси на однесување во училиштето, истакнување на правила на однесување во секоја училница, изготвување на хамери за превенција од насилство и истакнување на истите на видно место. За пријавување на ученик-жртва се водат месечни извештаи (пополнување на месечни формулари за пријавување на

инциденти во училиштето) и се испраќаат до одговорните лица во Отсек за превенција при МВР Кичево.

***Советување за борба против корупцијата за учениците***

Според укажувањето на МОН изработен е план за советување на учениците за борба против корупцијата, односно значењето на антикорупцијата во општеството.

**Програмата за антикорупциска едукација на учениците ќе опфати:**

а) предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;
б) работилници за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;
в) пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на проектот и по неговото завршување;
г) запознавање на пошироката јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата преку работата на учениците;
д) организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупциската едукација;
ѓ) антикорупциска едукација на наставниците, коишто ќе го спроведуваат проектот во основните училишта, но и на оние коишто работат секојдневно со учениците;
е) покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата.
**Целите** се разработени преку т.н. „Блумова таксономија", односно при одвивањето на програмата ќе бидат развиени три нивоа на планирање, реализирање и повратен одговор.

**Цели на проектот**

Ученикот/ученичката е потребно:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок";
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

**Поими**

Корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги.

Реченици посветени на корупцијата (слогани/пароли)

а) Носечка реченица: Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш.

б) Други реченици посветени на корупцијата:

- Корупцијата е авторитет, плус монопол, минус транспарентност.
- Корупција - ТВОЈОТ СТАВ се брои! Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата.
- Стоп за корупцијата – создава нееднаквост, ги намалува можностите на немоќните, ги форсира неспособните, го спречува развојот.
- Со корупција сите плаќаат двојно.

**Наставни средства**

а) Прирачник за наставниците за часовите кои се дел од вонпаставните активности, во рамките на проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“

б) Работни листови за наставниците за часовите кои се организирани на вонпаставните активности во рамките на проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“

в) Power point презентација во која се објаснуваат основните поими дадени за учениците;

г) Прашалник за учениците

Тим за програмата за антикорупциска едукација

1. Петрески Драган - одговорен
2. Маркоски Игор
3. Томески Кочо
4. Попоска Марија
5. Мирчески Ирена

**Позитивна социо-емоционална клима**

Училиштето води грижа и планира активности за ранливата група на ученици по препорака на одделенскиот раководител, одделенскиот и наставничкиот совет, стручната служба, во соработка со родителите. Реализатори на истите се наставниците преку индивидуалните и групните родителски средби, стручната служба преку интерактивни работилници и советодавни разговори со учениците и родителите.

# 16. Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Постигнувањата на учениците се проверуваат формативно и суматвно и се запишуваат со описни и бројчани оценки.

Оценувањето на учениците се врши согласно стандарди за оценување во нставните програми утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчани според три периоди:

- Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

- Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и бројчани оценки. На крајот од првото томесечие, полугодие и третото тромесечие добиваат описни оценки

- Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение во сите се оценуваат само со бројчани оценки.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни, тематски и процесни планирања. Следењето на напредокот и проверувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирана примена на методи, форми и постапки за формативно оценување, како и инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...) кои имат за цел да придонест за подобрување на постигањата на учениците.

Оценувањето на учениците со попреченост, кој следат настава споре ИОП во првиот период се оценуваат описно. Во вторниот и третиот периос, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати. Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби: писмени тестови на Брајово писмо, зголемен формат, во електронска верзија, аудио формат и слично, употреба на асистивна технологија, подолго време за тестот, помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент. Начинот на оценување на учениците со попреченост го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

Објективноста на наставниците при описно и бројчано оценување е предмет на следење на претходно формирана училишна комисија.

Заради реално и објективно вреднување и оценување на вложениот труд и постигнатите резултати, предмет на следење со оваа програма ќе бидат: учениците, наставниците, стручните соработници и работата на директорот. Истото ќе биде регулирано со Правилник за награди, пофалби и казни.

Следењето и вреднувањето на учениците ќе го реализираат наставниците во одделенската и предметна настава. Ќе се настојува вреднувањето (формативно и сумативно, по претходно изготвени стандарди и критериуми за оценување за што наставниците преку стручните активи ќе изготвуваат контролни тестови, контролни задачи, наставни ливчиња и други инструменти на ниво на предмети и генерации.

Заради подобрување на објективноста и транспарентноста на процесите на следење, оценување и вреднување на постигањата на учениците, наставниците водат ученички и наставнички портфолија во кои уредно и систематизирано стојат сите забелешки, препораки и горе-наведените инструменти за следење, оценување и вреднување.

Систематски, особено во второто полугодие ќе се следат ефектите од активностите предвидени во приоритетите. Еднаш месечно ќе се состанува тимот одговорен за следење на реализацијата на ВОП, а стручните активи според динамиката на својата програма. На крај ќе следи евалуација со одредени инструменти. Во следењето и вреднувањето на ученичките знаења заедно со наставниците свој придонес ќе дадат и стручните соработници.

Со воведувањето на е-дневникот во наставата увид и свој придонес во вреднувањето на ученичките знаења како и работата на наставниците имаат и родителите.

Работата и резултатите од неа кај наставно-воспитниот персонал ќе ја следи директорот и работниците од стручната служба во соработка со стручните работници од БРО. Предмет на следење ќе бидат нивните Годишни глобални, тематски и дневни оперативни планирања. За пообјективно вреднување ќе се практикува и посета на часови со однапред утврдена цел. Ќе се настојува ова следење да биде под исти услови и под исти критериуми за сите наставници.

Предмет на следење ќе бидат и активностите од вон-наставните подрачја, а посебно подрачјето слободни ученички активности. Посебно ќе се вреднуваат активностите на наставниците кои со своите секции на слободни ученички активности ќе допринесат за афирмирање на училиштето во локалната средина и пошироко од неа.

Во согласност со законските одредби за оценување на наставниот кадар, училиштето континуирано ќе врши следење и вреднување согласно со пропишаните критериуми од МОН и БРО.

Во нашето училиште постои процедура регулирана со Статутот на училиштето, според која учениците што повторуваат можат одлуката да ја обжалат првично до Училишниот одбор, а потоа и до Просветниот државен инспекторат. Училиштето ги

запознава учениците и родителите со активностите што ги превзема за поднесување на жалба при повторување на учебната година. Анкетата спроведена со ученици и родители го потврдуваат искажаното.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тим за следење, анализа и поддршка на оценување во училиштето се стручната служба на училиштето: Татјана Костеска – педагог, Славица Буреска-психолог под надзор на директорот на училиштето, Горан Карафилоски.

Во училиштето и оваа учебна година ќе работи Тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи. Редовно се прават споредбени анализи по паралелки, генерации и предмети сè со цел подобрување на успехот на учениците и подобрување на квалитетот на наставата. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол. При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата и оценките. Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена повратна информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

Тимот има изготвена процедура за поплаки и жалби по добиени оценки и начини на информирање на родителите и учениците. Согласно Законот за основното образование и Правилник за избор на првенец/првенци на генерација се избира првенец/првенци на училиштето кои предлози ги утврдува Наставничкиот совет.

| ***ЦЕЛ: ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Планирани активности** | Промовирање на стандардите на училишното оценување | Примена на стандардите за сумативно оценување | Следење на процесот на сумативно оценување | Сертификација на часови |
| **Реализатори** | предметни наставници | предметни наставници одделенски наставници | Директо, педагог и наставници | БРО наставници |
| **Ресурси** | ЗОО, Годишна програма и материјали од ПЕП | Стандарди и критериуми од БРО | Планирања на наставниците за оценувањето според стандардите од БРО | Професионални портфолија |
| **Инструменти** | Листи за планирање, чек листи очекувани резултати, самооценување на учениците и начини за реализирање по предмети | Годишна програма,тематско, дневно планирање | Анкети, Работилници, дебати, консултации и сл. | Протокол за следење |
| **Целна група** | Наставници, ученици, Совет на родители, Училишен одбор | Одделенски наставници и предметни наставници | Наставници и ученици | Наставници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Повратни информации** | Анализа, евалуација, самоевалуација | Тестови, есеи изработки | Извештаи | Сертификати |
| **Временска рамка** | Еднаш месечно | Еднаш месечно | Тримесечно | Континуирано |
| **Критериуми за успех** | Усогласено,квалитетно планирање | Примена на критериумите и стандардите за оценување | Средби, дискусии со стручните активи | Примена на современи форми на оценување |
| **Потребни материјални средства** | Прирачници од ПЕП | Прирачници од обуките на ПЕП,стандардите и критериумите од БРО | Дневни планирања, евидентни листови, чек листи | Наставнички портфолија |

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот на училиштето и стручните соработници во своите програми за работа за учебна 2022-2023 година имаат планирано посета на часови и вонннаставни активности за следење и вреднување на квалитетот на воспитно образованиот процес, а со цел за подобрување на квалитетот на наставата. Посетата се врши според претходно изготвен план на месечно ниво и се користи протокол за посета на час. За стручната посета директорот и стручните соработници користат инструменти за посета на часови и воннаставни активности, а по следењето следува консултација со стручните активи и индивидуална средба со наставниците за констатации и насоки за подбрување на воспитно-образовниот процес.

| *Активности* | *Време на реализаци* | *Реализатори* | *Ефекти* |
|---|---|---|---|
| Откривање на причините за постигнување на послаби или повисоки резултати на учениците и оние со солиден успех | септември | Наставници од предметна и одделенска настава | Препознаени (откриени) вистинските потреби на учениците со послаб и посолиден успех |
| Утврдување на причините зошто дел од учениците не го постигнуваат максимумот | континуирано во текот на годината | Наставници од предметна и одделенска настава | Идентифицирани причините за послабите и недоволно постигнати резултати |
| Подобрување на комуникацијата на наставникот со учениците и родителите | континуирано во текот на годината | Наставници од предметна и одделенска настава | Подобрена комуникација меѓу наставник, родител, ученик |
| Насочување учениците кон групна работа | континуирано во текот на годината | Наставници | Учениците работат во тимска – групна работа |
| Подобрување тимскиот дух и климата за работа | континуирано во текот на годината | Наставници | Постои клима за работа и тимско работење |
| Подобрување на интеракцијата помеѓу наставникот и ученикот | континуирано во текот на годината | Наставници | Воспоставена и подобрена соработката меѓу наставникот и ученикот и интерактивна настава |
| Намалување на стресните ситуации кај ученикот преку разговор | континуирано во текот на годината | Наставници Одделенски раководители Педагог | Соодветниот разговор и укажување помагнаа во намалување на стресните ситуации |

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Согласно Законот за Основно образование на крајот на секоја втора наставна година училиштето врши самоевалуација..

Оваа учебна година според измените во Законот за образование на Република Северна Македонија ќе се формира тим за Самоевалуација на работењето на училиштето составен од пет члена, а резултатите од Самоевалуцијата ќе бидат објавени на интернет страницата на училиштето, општината и доставени до Државен испитен центар.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаат во предвид при изготвување на план за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.

## 17. Безбедност во училиштето

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес во училиштето треба да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа и да учествуваат во воспитно-образовниот процес. За таа цел училиштето ќе има физичко обезбедување и дежурни наставници. Училиштето ќе развива стратегии за превенција, односно идентификување и справување со можните новонастанати безбедносни грижи во училиштето како што се меѓуетнички судири, пишување на графити на училишни ѕидови, дрога, застрашување, уништување на училишниот ентериер и друго.

Училиштето има изработено план за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди кој на почетокот на секоја учебна година се ажурира и кој содржи

превентивни активности и мерки, оперативни активности и мерки за отстранување на последиците од незгоди и истите се чуваат во архивот на училиштето. Училиштето планира да реализира симулациона вежба за евакуација во случај на елементарни непогоди. Во однос на зајакнување на безбедноста на учениците и превенција од насилство, училиштето изработи правилници и процедури кои регулираат одредени аспекти од работата на училиштето.

Обука за прва помош и заштита имаат посетено пет наставници од училиштето.




План за прв кат и приземје



## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

И оваа учебна година приоритет на нашето училиште ќе биде обезбедување на чиста и здрава средина и околина за сите. За одржување на хигиената во училиштето е одговорен техничкиот персонал, но со активно ангажирање и залагање на сите вработени. За таа цел постои протокол за одржување на хигиената во училниците, ходниците и училишниот двор.

Преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ќе се поттикнува свеста кај учениците за одржување на личната и општата хигиената.

Дежурните наставници за време на одморите, хигиено-техничкиот персонал, а и сите други за време на часовите ќе се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор.

Техничкиот персонал според утврдените задачи редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво.Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарен простор редовно се чистат, мијат, се дезинфицираат со дезинфекциони асептични детоксични средства. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простори, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат повеќе пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се чисти секојдневно. Еднаш месечно се чистат, бришат, полираат дрвените и стаклените површини, врати, прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува и интерни работни акции за средување на работното катче.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со МЦ и ЗД „Кичево“, стоматолошката ординација, Републички завод за здравствена заштита-одделение Медицина на трудот и Сектор за епидемиологија и микробиологија, според плановите за работа на институциите. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три години се врши и систематски лекарски преглед.

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд, III одд, V одд, VII одд и IX одд. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се

даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).

Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VI одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.

За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во МЦ и ЗД „Кичево“ со одд.раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес.

Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.
Во текот на целата учебна година во соработка со стручна екипа од МЦ и ЗД „Кичево“ на учениците им се одржуваат предавања и работилници за оралната хигиена.

**18.3. Вакцинирање**

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство , Државен санитарен и здравствен инспекторат и програмата од детското оделение при Медицински Центар Кичево. При вакцинирањето на малите ученици задолжително е присуство на нивните родители, а за поголемите присуство на одделенскиот раководител, во болницата во градот.

При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се доставува и потврда за имунизација и стоматолошки прегледи за детето како услов за запишување.

-I одд. за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит)

- II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за TBC . По добиените резултати од проверката следи вакцина.

-VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини.

Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (две дози во одреден период) за кои се известуваат учениčките и родителите кои ја примиле првата доза.

-IX одд- само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

**18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата**

Свеста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците ќе се поттикнува преку предавања кои ги организира училиштето, работилници и индивидуални совети за учениците, како и со имплементирање на третата фаза од проектот за здрава исхрана.

Ќе се стави акцент на здравата исхрана богата со витамини и минерали, зголемена физичка и спортска активност, намалено време на работа со компјутери за подобрување на физичкото, менталното и социјалното здравје.

Темите на предавањата ќе бидат изработени од наставниците и усогласени со наставните содржини како дел од часови на одделенска заедница, воннаставни активности и проекти. Во дел од овие активности како предавачи ќе бидат вклучени и родители на учениците со соодветно образование. Тие ќе имаат за цел едукација на учениците за здрава исхрана и подигање на свеста за правилна исхрана, како и заштита на забите од бактерии и кариес по секој оброк.

# 19. Училишна клима

## 19.1. Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето.

За подобрување на училишната дисциплина училиштето има изработен распоред на дежурни наставници, ученици и помошен персонал.

Одговорни за дисциплината во училиштето се сите вработени и учениците, согласно Етичкиот кодекс на однесување на сите субјекти: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. На почетокот од учебната година во распоредот на часови се внесуваат и дежурните наставници за секој ден од неделата по катови. Тие имаат задача да се грижат за дисциплината за време на одморите и ќе водат писмена евиденција за тековните збиднувања за време на одморите. Распоредот на настваниците и нивни обврски за дежурства се уредени со Правилник за дежурства на наставниците.

Во секојдневната комуникација ќе се промовираат вредностите на взаемно почитување, позитивна комуникација, соработка, одговорност, доследност во извршувањето на обврските за создавање на позитивна и пријатна клима за престој и работа во училиштето.

Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.

Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовитеи за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште.Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, учлниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Училиштето ќе ја продолжи тенденцијата за разубавување на ентериерот и креирање на имиџ на современо училиште кое во голема мера ќе обезбедува сите да се чувствуваат пријатно и да негуваат чувство на припадност кон училиштето.

На самиот почеток од учебната 2022/23 година ќе се формира Тим за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето. Во него ќе учествуваат:

1. Горан Карафилоски, директор;
2. Илче Ѓореске, наставник по ликовно образование;
3. Анѓелина Цветаноска, наставник по македонски јазик;
4. Наташа Аврамовиќ, наставник по англиски јазик;
5. Снежана Јованоска, одделенски наставник;
6. Претседател на УП;
7. Ученик правобранител.

Тимот, непосредно по неговото конституирање, ќе се состане да изготви Програма за работа за тековната учебна година, а во која задолжително треба да ги вметне и веќе традиционално постоечките активности во училиштето од овој вид како што се: естетско уредување на просторија за прием на првачиња, уредување на просторија за прием на ученици во Детска организација, реализирање на акцијата од претходниот УП за избор на најчиста училница(запознавање со правилата, следење, бележење, избор и наградa за две паралелки со континуирано најчисти училници-патување на поблиска дестинација според можностите на училиштето); уредување на училници и училишни холови за Нова година, Денот на училштето, организирање на изложби во училишниот хол по повод разни празници или по иницијатива на учениците и уредување на паноата во главниот хол по разни поводи и манифестации.

Тимот воедно до раководството на училиштето ќе достави со Програмата и список на потребни ресурси за реализација на истата. Раководството ќе обезбеди дел од потребите, а дел ќе се бараат начини за нивно обезбедување преку донации, организирање на базари и сл.

Во уредување и одржување на просторот во училиштето и дворот учествуваат сите субјекти. Секој наставник во својот кабинет или училница ќе го уредува просторот според потребите и наставните содржини, училишните ходници и главниот хол ќе го одржуваат членовите на ликовната и литературната секција со предметните наставници по ликовно образование и македонски јазик. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно-образовниот процес.

Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителите се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

## 19.3. Етички кодекси

Училиштето има изработено етички кодекс за однесување и оценување, како и ЕКО кодекс за сите лица кои се вкчучени во училишниот живот – ученици, наставници, родители и други вработени. Со истиот се запознаени сите структури во училиштето и е транспарентно истакнат на видно место во училиштето. Преку јасно дефинирани правила етичкиот кодекс ја дефинира посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи. Исто така, и секоја паралелка има изработени правила за однесување кои ги донесува одделенска заедница и истите се истакнати во училниците во училиштето. Кодексот може да трпи промени и истиот се разгледува и ревидира по барање и од страна на учениците на ученички парламент, како и останатите релевантни фактори во училиштето.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Односите меѓу сите вработени во училиштето се на високо ниво. Најголем број од наставниците се подготвени за соработка и одговорност кон извршување на дадените задолженија. Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи и Стручна служба). Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.

Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Во рамките на Проектот за меѓуетничка нтеграција во образованието се планирани активности кои ќе придонесат за развивање на мултикултурен сезибилитет кај учениците, во соработка со родителите, локалната заедница како и во соработка со нашето партнер училиште.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниот кадар бидејќи тој е еден од клучните фактори што влијае врз постигањата на учениците. За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење, т.е нивна континуирана надградба. Почитувајќи го концептот на доживотно учење и новините во образованието, образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции како и на интерни дисеминации на обуки и семинари организирани од училиштето според потребите на наставниот кадар.

Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи, чија задача е да ги детектира потребите за професионален развој на наставниците, поаѓајќи од утврдените потреби и приоритети кои произлегоа од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации, професионални компетенции на наставниците и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, со наведена процедура за избор на наставници за професионален развој и истите да ги планира како и да го следи нивниот професионален развој.

Според Правилник за форма и содржината на личниот план за профосионалниот развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта донесен врз основа на член 28 став (4) од Законот за наставниците и стручните соработници, со цел наставниците и стручните соработници постојано професионално да се развиваат и да се постигне поквалитетна настава за учениците се спроведе самопроценка на компетенциите и истите изготвија и доставија до тимот за професионален развој личен план за професионален развој. Со тоа би се иницирале промени во образованието со што ќе се подигне квалитетот на постигањата на учениците.

### 20.2. Активности за професионален развој

Според Законот за наставници и стручни соработници наставниците се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес и предуслов за квалитетна воспитно образовна работа, ефективно учење и високи постигања.Составен дел на професионалниот развој е стручното усовршување, односно стекнување нови и усовршување на постојните компетенции на воспитно- образовниот кадар.

Училиштето има воспоставен систем за планирање и реализирање на стручното усовршување на наставниот кадар. Во училиштето се подготвува годишна програма за програма за професионален развој, сите реализирани активности се следат преку водење на соодветна евиденција и документација, секој наставник изготвува личен план за професионален развој и се изготвува извештај за реализација на планот. Врз основа на личните планови за професионален развој ќе бидат утврдени приоритетни обуки кои би требало да ги посетат наставниците од училиштето и ќе се пристапи кон изнаоѓање на начини за учество на истите.

Училиштето во континуитет го следи и се грижи за професионален развој на наставниците, а истите учествува на обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба и се врши дисеминација на стекнатите знаења и на веќе имплементирани активности во рамки на проектите во училиштето, се подготвуваат извештаи, се прави евалуација и од неа произлегуваат следните приоритети за професионален развој.

И оваа учебна од континуираниот професионален развој на наставниците ќе се спроведува дисеминациите од разни обуки на кои учествувале само дел од наставниците од училиштето. Учеството на наставници од нашето училиште на разни конференции овозможува одржување на чекор со актуелните промени во воспитно-образовната работа. Голем број на наставниците учествиваат на разви семинари и онлајн обуки па размената на искуства и идеи меѓу наставниците ќе доведе до заеднички професионален развој на сите инволвирани во воспитно образовната работа во училиштето. Сите овие активности ќе бидат следени и заведени од страна на тимот за професионален развој.

### 20.3. Личен професионален развој

Перманентната надградба на образовниот кадар е задолжителен дел на воспитно-образовниот процес, вклучено во системот на професионалниот развој. Со цел личен и професионален развој секој наставник континуирано посетува организирани семинари, обуки, презентации, конференции, како и ги следи и почитува сите законски промени во воспитно образовниот процес, за што изготвува личен план за професионален развој.

На почетокот на учебната година за сопствено лично усовршување наставникот и стручниот соработник прават личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции, а врз основа на резултатите од интегралната евалуација, извештаите од посетите од страна на директорот на основното училиште, како и од страна на советниците од Бирото за развој на образованието.

Согласно Законот за основно образование во рамки на училиштето е формирана Комисија за професионален развој на наставниците и стручните соработници, која ќе се грижи за личен професионален развој и напредување во звања. Секој наставник има сопствено наставничко портфолио со трудови од нивната работа и изработки од учениците. Стручните соработници за секој наставник водат професионалн досие во кое се заведува и следи нивниот личен професионалниот развој. Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници преку водење на нивното професионално досие. Се врши нивно вреднување од страна на ДПИ и советници од БРО. Наставниците се мотивираат за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и друго.

### 20.4. Хоризонтално учење

Еден од начините на професионален развој во училиштето е хоризонталното учење (наставниците учат едни од други) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства, внатре во училиштето, како и помеѓу повеќе училишта. За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец.

Во училиштето функционира тим за професионален развој на наставниците, кој ги утврдува потребите за едукација и организира интерни обуки и нагледни часови со цел да се подобри квалитетот на наставата. Наставниците меѓусебно разменуваат искуства и знаења во рамки на стручните активи според претходно изготвени програми за работа на активите. Во рамки на годишните програми на стручните активи при училиштето се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, дисеминации, менторсства, организирање на отворени часови, работилници, презентации и слично со изготвен акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во претходните учебни години кариерниот развој на воспитно - образовниот кадар беше дел од приоритетите на годишните програми во форма на креирање на датотека на позитивни практики за размена на искуситва, знаења и материјали помеѓу наставници од сродни предмети, организирање на различни видови на обуки, семинари и работилници според потребите на наставниците и нивни десиминации, учество во бројни проекти и интеркултурни размени и мобилности се со цел поддршка на воспитно-образовниот кадар и нивно кариерно напредување. Според Законот за основно образование, Закон за наставници и стручни соработници и Правилниците за

кариерен развој наставниците имаат јасни критериуми и стандарди кои треба да ги исполнат за свое стручно унапредување.

Во учебната 2022-2023 година се изработува план за поддршка на воспитно-образовниот кадар за нивно кариерно напредување преку десиминации, вебинари, посета на обуки, работилници и сл.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Совет на родители во ООУ „Д-р Владимир Полежиноски" - Кичево работи по претходно изготвена годишна програма за работа. Со годишна програма за работа на Совет на родители е предвидена динамика на состаноци, одговорни лица и број на членови во телото. Сите тежишни приоритети се разгледуваат на состанок на Совет на родители и истите даваат идејни решенија за имплементација на истите. Родителите се вклучени во сите сегменти на работење на училиштето и тоа при: детектирање на состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации, родителите учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите.

Заради остварување на заеднички интереси на родителите од учениците и училиштето и оваа учебна година ќе се продолжи со соработката меѓу родителите и училиштето. Сите одделенски раководители имаат утврдено термини за консултации, организиран распоред за средби со родители и отворен ден за прием кои ќе бидат истакнати на огласна табла – катче за информирање на родители.

Соработка ќе се остварува преку:

- индивидуални контакти на родителите со одделенските раководители и предметните наставници;
- индивидуални контакти и соработка на родителите со стручната служба и директорот;
- родителски средби на ниво на паралелка – индивидуални и групни;
- родителски средби на ниво на училиште;
- отворен ден за родители

Индивидуалните средби со родителите ќе се остваруваат во текот на целата учебна година. Родителски средби на ниво на паралелка ќе се реализираат задолжително на крајот на квалификационите периоди, а по потреба и повеќе во текот на оваа учебна година, на кои покрај успехот и поведението на учениците ќе се разгледуваат и други актуелни прашања значајни за паралелката. Првата ваква средба ќе се одржи во текот на месец септември и за дневен ред се планираат следните содржини:

- Запознавање со делови од Годишната програма за работа на училиштето и Куќниот ред на училиштето (Брошура на училиштето);
- Запознавање со наставниот план и програмите за оваа учебна година;
- Прашања актуелни за почетокот на оваа учебна година;

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето.Членовите на Советот на родителите се бираат страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.

Советот на родители:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно- образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и слично;
- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.

Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

Програмата на Советот на родители е дадена во прилог и е изготвена од Претседателот на Советот на родители Горан Попоски во соработка со родителите претставници на паралелките и училиштето.

Оваа учебна година во време на пандемија и учење од далечина беше клучна соработката со родители на повеќе основи, посебно за учениците од прво до петто одделение. Во текот на учебната 2022/2023 година ќе се работи на изнаоѓање на начини и методи за продлабочување на овој тип на соработка се со цел поквалитетно учење од далечина.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонваставните активности

Во ООУ „Д-р Владимир Полежиноски“- Кичево, родителите се добредојдени и истите даваат придонес во имплементација и подобрување на наставата воопшто. Вклученоста на родителите во Училишниот одбор, соработка со: директорот на училиштето, наставниот кадар и стручната служба е подетално опишана во Годишните програми на истите. Родителите по барање на наставниците даваат континуирана подршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и посебно ги поддржуваат соработките за напредување на учениците–таленти. Семејствата се вклучени во повеќе афирмативни акции за добробит на училиштето и сите релевантни фактори вклучени во истото. Родителите се вклучени директно во наставата како фасцилитатори според стручноста на родителот, во имплементација на Локални Интеркултурни Курикулуми по дадени предмети, исто така помагаат и во професионална ориентација на учениците. Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на оредени професии, струки и занимања Триаголникот наставник – родител – ученик за секоја паралелка одделно е предвиден со засебна годишна програма за соработка со родители и одбор на родители. Истата програма содржи број на групни, родителски и индивидуални средби, креативни и едукативни работилници, телефонски разговори, е-дневник и посета на семејства во соработка со стручната служба на училиштето. Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.

И оваа учебна година училиштето ќе се залага за зголемен степен на застапеност на родители во имплементација на слободните ученички активности, активности во МИО и други проекти, самоевалуација на училиштето и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и други настани во училиштето. Родителите ќе бидат вклучени и во имплементација на мали училишни интеркултурни иницијативи – проекти кои се имплементираат.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето организира едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, училишни весници и советувања. Советодавно-консултативни работилници – индивидуални и групни, посета на семејства се применуваат по барање и потреба за

поддршка на наставник кај поединечни случаи за надминување на потешкотии и аномалии со кои се соочуваат учениците.

Училиштето има тим за подготовка и реализација на брошура која се подготвува во текот на учебната година и се споделува со родителите во мај – јуни се со цел подетално информирање на истите за животот и работењето на училиштето. Оваа учебна година ќе се изработи и информативна брошура за активностите и резултатите од нивна реализација во рамките на училиштето чија дистрибуција очекуваме да придонесе поголем опфат на ученици во училиштето.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

### 22.1 Локална заедница

Училиштето е во секојдневна комуникација со Градоначалникот на општина и претставниците од локалната самоуправа. Комуникацијата се одвива со одржување на состаноци, разговори, неформални и формални средби.

Наставниците во своите програми конкретно планираат соработка со локалната заедница преку посета и запознавање со работата, посета на институции и фирми, организирање на собири, акции и прослави во училиштето.

На Facebook страната од училиштето и во локалните медиуми се промовираат постигнатите резултати, на проектите и слично.

Со општината се соработува во однос на реализацијата на еколошката програма, активности и манифестации организирани или подржани од општина Кичево.

**Програма за соработка со локална средина**

| Содржина на активностите | Време на Реализација | Носители |
|---|---|---|
| Свечен прием напрвачиња во училиштето и организирање на приредба по тој повод | 01.09.2022 | Актив на прво одделение<br>Одговорни наставници по слободни ученички активности<br>Педагог, Директор |
| Организирање на приредби и одбележување значајни датуми:<br>8 Септември | 08.09.2022 | Комисија за јавна и културна дејност |
| Организирање на приредби иодбележување назначајни датуми:<br>Светски ден на детето и Ден научителот | 05.10.2022 | Детска организација |
| Организирање на приредби и одбележување<br>На значајни датуми:<br>-11Октомври и прием на првоодделенците во Детска организација;<br>-Организирање приредба;<br>-Литературно читање; | 10.10.2022 | Комисија за јавна и културна<br>дејност<br>Детска организација |

| | | |
|---|---|---|
| -Ликовна изложба; | | |
| Организирање на приредби и одбележување назначајни датуми:<br>Ден на ООН | 21.10.2022 | Историска секција<br>Детска организација |
| Организирање на приредби иодбележување на значајни датуми: Месец на книгата Ден на Дрвото | 11.2022 | Литературна секција<br>Детска организација<br>Општина Кичево |
| Организирање на приредби и одбележување<br>Најзначајни датуми:<br>13.Ноември | 11.11.2022 | Комисија за јавна и културна дејност<br>Историска секција |
| Организирање на приредби и одбележување на значајни датуми:<br>Прием во ПЦК | 11.2022 | ПЦК |
| Организирање на приредби и одбележување на значајни датуми:<br>Нова година | 12.2022 | Детска организација<br>Ученичка заедница (ученички парламент) |
| Организирање на приредби и одбележување на значајни датуми:<br>8 Март-Денот на жената<br>Денот на Дрвото | 03.2023 | Комисија за јавна и културна дејност<br>Историска секција<br>Општина Кичево |
| Организирање на приредби и одбележување на значајни датуми: Ден на пролетта | 21.03.2023 | Детска организација |
| Организирање на приредби и одбележување на значајни датуми:<br>Светски ден на здравјето | 07.04.2023 | ПЦК |
| Одбележување назначајни датуми:<br>Ден на трудот | 28.04.2023 | Комисија за јавна и културна дејност<br>Историска секција |

| | | |
|---|---|---|
| Ден на Европа<br>Ден на образование<br>Ден на Планетата Земја | 05.2023 | Комисија за јавна и културна<br>дејност<br>Детска организација<br>Ученичка заедница (ученички парламент)<br>Општина Кичево |
| Организирање на приредби иодбележување на значајни датуми и активности:<br>Ден на училиштето<br>-Литературно читање<br>-Ликовна изложба<br>-Спортски натпревари<br>-Квизови | 05.2023 | Комисија за јавна и културна<br>дејност<br>Детска организација<br><br>Ученичка заедница (ученички парламент) |
| Организирање на<br>приредби и одбележување<br>на значајни датуми:<br>24 Мај-Ден на словенските<br>просветители | 23.05.2023 | Ученичка заедница (ученички парламент)<br>Комисија за јавна и културна дејност<br>Историска секција |
| Организирање на<br>хуманитарни, собирнии<br>работни акции | 09-06 месец | Ученичка заедница (ученички парламент)<br>Детска организација<br>ПЦК |
| Организација на ексурзии,<br>набљуденија и посети на<br>разни институции | 09-06 месец | Според посебна програма |
| Работа и соработка со родители:<br>-Организирање<br>родителски средби<br>-Индивидуални средби и разговори<br>-Организирање предавања за родители<br>-Организирање на Одбор на родители на ниво на паралелка<br>-Организирање на Одбор на родители | 09-06 месец | Одделенски<br>раководители<br>Директор<br>ПП Служба |

| | | |
|---|---|---|
| Информирање за резултатите од воспитно-образовната дејност на училиштето | 09-06 месец | Одделенски раководители<br>Директор<br>ПП Служба |
| Учество на разни натпревари, смотри, изложби и други активности и манифестации | 09-06 месец | Комисија за јавна и културна дејност<br>Слоб. ученички активности |

## 22.2 Институции од областа на културата

Со програмата за натпревари се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, поетски читања, театарски претстави и слично.

## 22.3 Институции од областа на образованието

Училиштето секојдневно соработува и со МОН (консултации и совети, барања, доставувања), БРО (консултации и совети, барања), ДПИ (редовни инспекциски увиди и интегрален увид), Комисијата за основно образование, Советот за основно образование како дел од општината (консултации и совети, барања, доставувања), остварува соработка на сите нивоа со збратименото училиште во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието, како и со други основни и средни училишта (презентирање на средните училишта, известувања за запишани ученици) и др.

Училишната библиотека во соработка со наставниците организира посети на библиотеката и читалната од општина Кичево – „Кочо Рацин“ .

## 22.4 Невладини организации

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи планирана е соработка со голем број невладини организации меѓу кои би ги истакнале: Детска амбасада Меѓаши, СОС центри, Младински културни центри и Еколошки друштва.

## 22.5 Здравствени организации

Училиштето воспоставува и одржува редовна соработка со здравствените организации заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените.

Осигурувањето на учениците и вработените е на доброволна база, а изборот на осигурителни компании се врши согласно закон.

## 22.6 Медиуми

| *Планирани активности* | *Цели* | *Реализатор* | *Време на реализација* | *Методи и постапки за реализација* |
|---|---|---|---|---|
| **Промовирање на лого на училиштето и училишен весник „Ѕуница“** | Афирмирање на училиштето, родителите и пред домашната и меѓународната јавност | Директор Педагог Наставници Ученици Тим за Медиумско претставување на | Цела учебна година | Текст, цртање, интернет |
| **Изработка на покани за училишни приредби, флаери и брошури за упис на првачиња** | Прецизна и широка информираност за случувањата во училиштето | Ученици Наставници Педагог Тим за Медиумско претставување на | Цела учебна година | Интернет, скици, цртање, печатење |
| **Facebook страна на училиштето** | Презентирање на сите активности и транспарентност во работата на училиштето | Ученици Наставници Тим за Медиумско претставување на училиштето | Цела учебна година | Активностите на училиштето се доставуваат до одговорниот за Facebook - страната по што се поставуваат на |
| Редакција „Детска радост„, списанија „Росица“, „Другарче“, „Развигор“ и „Наш Свет„ | Презентација на училиштето и успешните активности на учениците низ страниците на детските списанија | Ученици Наставници Педагог Библиотекар Тим за Медиумско претставување на училиштето | Цела учебна година | Активноста на учениците се најавува во редакцијата „Детска радост“ |

## 23. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подобрен квалитет на наставата на ученици со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во учењето. | Анализи по класификациони периоди и извештаи од натпревари | Наставници и стручна служба | Наставници, ученици, Родители |
| Подобрен успех на ученици со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во учењето. | Табелари | Наставници и стручна служба | Наставници,ученици, Родители |
| Подобрен квалитет на наставата | Анкета | стручна служба | Наставници,ученици, Родители |
| Подобрен успех на ученици | Табелари | Наставници и стручна служба | Наставници,ученици, родители |
| Подобрени услови за работа во училиштето | Фотографии пред и потоа | Директор и одговорни наставници | Родители и локална заедница |

## 23.1 Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Сите сегменти од работењето на училиштето се опфатени и испланирани во рамки на Годишната програма за работење на ООУ „Владимир Полежиноски“ - Кичево. Како и секоја учебна година така и учебна 2022/2023 ќе се евалуираат активностите со годишната програма за работа на училиштето. Секој наставник, стручен соработник, директор, тело, тим, комисија и стручен актив континуирано собира докази за своето работење и постигнати резултати, а исто така и води записници и извештаи за својата работа. Во кварталните извештаи за работењето на училиштето се сумираат податоци, резултати, заклучоци и препораки кои се споделуваат со вработените на средбите на наставнички совет. Секоја учебна година се збогатува датотеката на инструменти, протоколи и интерни правилници со цел реална евалуација на реализирани активности и креирање на остварливи препораки и предлог активности за детектирани предизивици во училишното работење. Во поголем дел од евалуација на активностите покрај одговорните тимови ќе бидат и

вклучени ученици и ученичкиот парламент за прибирање на релевантни информации за областите од работењето на училиштето од кои се засегнати истите.

## Заклучок

Оваа годишна програма е сеопфатна и располага со сите податоци за ООУ „Владимир Полежиноски“ – Кичево, како и сите предвидени активности, сите подрачја од училишниот живот почнувајќи од: училишната лична карта, просторните услови за работа и настава, план на просториите, опременоста на училиштето, структурата на училиштето почнувајќи од највисокиот орган, организацијата на работни места на наставниот кадар и вработените, број на паралелки, ученици, етничка и родова структура на ученици, мисија и визија на училиштето, стекнатите искуства, подрачја на промени и приоритети, задачи и цели, план за евалуација, календар за работа, видовите настава (редовна, изборна, практична, додатна и дополнителна, слободни часови) оценување и самоевалуација, воннаставни активности, поддршка на ученици, грижа за здравјето, училишна клима, професионален развој на образовниот кадар, вклученост на семејството во училиштето, комуникација со јавноста, промоција, следење и евалуација.

Систематски и квалитетно изготвена Годишна прорама на училиштето ни овозможува навремено планирање на предвидените активности кои имаат за цел овозможување воспитание и образование на учениците на највисоко ниво.

Со изготвување на Годишната програма добиваме краткорочен развоен документ кој претставува оперативно планирање на севкупната работа на училиштето. Овој суштински документ ефикасно не води при реализација на планираните глобални активности, евалуациско следење на сите чинители на воспитно - образовниот процес, ги предвидува сите форми и начини на работа овозможени од условите во кои работи училиштето: материјално-технички, кадровски, финансиски и други услови во пошироката заедница каде егзистира училиштето. Истата се базира на закони и правилници и други препораки кои се релевантни за успешно училишно работење, како и искуства од претходните години и далечинско учење за време на пандемија.

Сеопфатноста и опсегот на податоци во годишната програма налагаше транспарентен процес при изработка и вклученост на 80% од воспитно – образовниот кадар на училиштето според своите афинитети и области на делување.

## Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Горан Карафилоски - директор

Татјана Костеска – педагог

Ирена Мирчески – предметен наставник

Анѓелина Цветаноска – одделенски раководител

Виолета Ќипроска – административен работник

Мери Наќеска – административен работник

## Користена литература

- Годишна програма за работа на училиштето за учебна 2021/2022;
- Годишен извештај за учебна 2022/2023;
- Програми за работа на стручни активи, тела и комисии и извештаи од нивно работење;
- Развојно планирање на училиштето;
- Самоевалуација;
- Извештај од пописна комисија;
- Лични професионални планови на наставници и стручни соработиници;
- Професионални и развојни портфолија на наставниците и стручните соработници;
- Развојни, годишни, месечни/тематски и оперативни планови за работа на наставниците;
- Интерни процедури и правилници;
- Извештај од интегрален увид на училиштето од 2018 година;
- Статистички податоци;
- Проектни планови и извештаи на проектниот тим;
- Годишни планирања и извештаи за МИО и ЕКО активности;
- Квартални табелари за успех, редовност и поведение на учениците во училиштето;
- Ивештај за финансиско работење на училиштето;
- Законот за основно образование;
- Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта,
- Закон за работни односи;
- Закон за јавни набавки;
- Закон за организација и работа на органите на државната управа;
- Наставни планови и програми;
- Концепција за деветгодишно основно образование;

- Одлука за распределба и систематизација на работни задачи во училиштето;
- Статут на училиштето;
- Етички кодекс;
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното образование;
- Правилник за личен план за професионален развој;
- Правилник за начин на избор на училиштето, поблиските критериуми и начин на организирање на наставата во домашни услови;
- Правилник за работа на комисии;
- Правилник за дежурства на наставници;
- Правилник за работно време;
- Правилник за наградување на ученици и наставници;

и други релевантни акти и документи.

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**-**Годишна програма за работа на: директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.

-Распоред на часови

-Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања

-Програми за воннаставни активности

-Програма за додатна настава

-Програма за дополнителна настава

-Програми за вонучилишни активности

- Програма за реализација на ученички натпревари

-Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

- Проекти што се реализираат во основното училиште

- План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

-План за професионална ориентација на учениците

-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

-План за следење и  анализа на состојбите со оценувањето

-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

-Програма за самоевалуација на училиштето

-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

- Распоред на дежурни наставници

- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

- Годишна програма за реализација на проектот еко - училиште

- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

- Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

-Програма за соработка со локална средина и локална заедница

-Програма за грижа за здравјето на учениците

-Програма за јавна и културна дејност на училиштето

-Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

**24. На последната страница има место за печат, за датум и потпис на директорот на основното училиште и за потпис на претседателот на Училиштниот одбор.**

***Место за печат***

**01.07.2022 година**

**Директор - Горан Карафилоски ______________________**

**Претседател на УО - Горан Максимоски _________________________**